# ОСУ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“
# В Е Л Е С

# ИЗВЕШТАЈ ОД
# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А Т А
# 2013-2015




**ВЕЛЕС, ЈУНИ 2015**

**Педагошки тим:**

Име и презиме

1. Нада Јованова — директор
2. Александра Бошкова — психолог

**Координатори:**

Име и презиме

1. Жаклина Иванова Зафирчева
2. Сандра Таскова
3. Бранка Андовска
4. Илија Петровски
5. Марија Левкова Куновска
6. Љупчо Петров
7. Соња Савевска

# С О Д Р Ж И Н А

**Вовед** ..........................................................................................................4
**Лична карта** ....................................................................................................5
**Идентификувања на училиштето**...................................................................8

**1. Наставни планови и програми**........................................................10
1.1 Реализација на наставните планови и програми.......................................10
1.2 Квалитет на наставните планови и програми.............................................13
1.3 Воннаставни активности..................................................................................15

**2. Постигања на учениците**.................................................................17
2.1 Постигања на учениците................................................................................17
2.2 Задржување/осипување на учениците.......................................................20
2.3 Повторување на учениците..........................................................................23

**3. Учење и настава**..................................................................................25
3.1 Планирања на наставниците.........................................................................25
3.2 Наставен процес...............................................................................................27
3.3 Искуства на учениците од учењето.............................................................30
3.4 Задоволување на потребите на учениците................................................32
3.5 Оценувањето, како дел од наставата..........................................................34
3.6 Известување за напредокот на учениците.................................................36

**4. Поддршка на учениците**...................................................................39
4.1Севкупна грижа за учениците........................................................................39
4.2 Здравје..................................................................................................................41
4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците........................44
4.4 Следење на напредокот на учениците.........................................................45

**5. Училишна клима**.................................................................................47
5.1 Училишна клима и односи во училиштето.................................................47
5.2 Промовирање на постигањата......................................................................50
5.3 Еднаквост и правичност.................................................................................52
5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница...............53

**6. Ресурси........................................................................................56**
6.1 Сместување и просторни капацитети......................................................................56
6.2 Наставни средства и материјали.........................................................................57
6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар.........................................................69
6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар.............................................61
6.5 Финансиско работење во училиштето......................................................................62
**7: Управување, раководење и креирање политика..............................65**
7.1 Управување и раководење со училиштето...............................................................65
7.2 Цели и креирање на училишната политика..............................................................67
7.3 Развојно планирање..................................................................................................69
**КЛУЧНИ ПРИОРИТЕТИ** ..................................................................................................71

## Вовед

Процесот и изработката на Извештајот од Самоевалуација беа изготвени од сите наставници во училиштето. Согласно индикаторите за квалитет, беа формирани седум тимови со по еден координатор на тим кој континуирано соработуваше со директорката и психологот на училиштето и општинскиот просветен инспектор. Тимовите работеа посветено, со критички став, вршеа истражувања и анализи и носеа заклучоци од спроведените SWOT анализи. Ги истакнаа Јаките и Слабите страни увидени во подрачјето како и приоритетите за наредниот период.

Самоевалузацијата ја правиме со цел да добиеме увид во работењето на колективот и наставниот процес. Преку овој процес добиваме слика колку наставно – воспитниот процес го водиме успешно, односно, дали енергијата која ја вложуваме за подобрување на општата слика е правилно насочена. Наставниците, заедно со директорката и стручната служба, се вложуваат за мотивирање на учениците за постигнување квалитетни знаења и стимулирање на развојот на младата личност во целина. Ефикасното работење е фокус на сите вработени со цел да постигнеме ефекти во наставно – воспитниот процес.

Изработката на Самоевалуацијата преку објективен пристап и критички став, ќе ни помогне да ја видиме реална слика во остварувањето на мисијата и визијата на училиштето. Седумте подрчја кои се однесуваат на главните аспекти од работата на училиштето помагаат систематски да се пристапи кон скенирање на работата и можност да се планираат натамошните активности. Преку самоевалуација ги идентификуваме областите за кои е потребно подобрување кон пристапот на работа со цел да се унапреди работата на училиштето.

Преку поставување на приоритетни подрачја во самоевалуацијата училиштето си поставува и цели за идна реализација. На овој начин добиваме увид на кои аспекти да ги подобриме вложувањата и трудот. Утврдените приоритети ќе го подобрат животот и работата во училиштето и ќе го унапредат целокупниот воспитно-образовен процес.

**Лична карта**

Идентификациони податоци

- **Име на училиштето:** ОСУ „Јовче Тесличков”
- **Адреса:** Кукушка бр.37-Велес
- **Телефон:** 231-098 **факс:** 231-098
- **e-mail: usojtv@yahoo.com**
- **web страна: www.jteslickov.edu.mk**

ОСУ „Јовче Тесличков“ е регионален економско - правен и образовен центар кој со текот на времето и потребите се развива и надоградува со образување на кадри од економско – правната струка за потребите на стопанството и општествените активности во градот Велес и во други општини во регионот. Традицијата што училиштето ја негува е воспоставување на социјално партнерство и едуцирање на кадар според потребите на општеството.

Во моментов ОСУ „Јовче Тесличков“ е лоцирано во центарот на град Велес, во близина на кружниот тек во населбата Дворови.

ОСУ „Јовче Тесличков“ започна со работа од 1956 – 57 година. До 31.08.1960год. училиштето работеше во склоп на Гимназијата „Кочо Рацин“ како економска паралелка при гимназијата. Како самостојно училиште започнува да функционира од 1960 година со Решение на народниот одбор на Титовелешката околија бр. 01 – 7269 од 14.09.1960 год. Од 1963-64 година училиштето работи во зградата на старата Гимназија заедно со ЦОУ „Благој Кирков“. Од Март 1975 год. училиштето работи во реновираната зграда со ЦОУ „Благој Кирков“ во две смени.

Од своето создавање, училиштето континуирано настојува да ги исполнува условите за успешно реализирање на воспитно – образовната дејност. ОСУ „Јовче Тесличков“ е средно економско и правно училиште во кое се образуваат кадри од економската, правната и трговската струка. Од 1984 год. се вклопи во новата концепција за насочено образование и го смени името во училиште за средно образование од економска – трговска и правна струка.

Од 2004 – 2005 во ова училиште воведена е економско – правна и трговска струка.

Од учебната 2006 – 2007 е надминат просторниот проблем кој се протегаше од самото создавање на училиште со тоа што беше извршена прелокација на училиштето врз основа на Одлуката бр. 0701 – 2609/4 од 14.07.2006 година од страна на Советот на општина Велес. Својата дејност од 2006 – 2007 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ започна да ја извршува во поранешната училишна зграда на ОУ „Трајко Андреев“. Со ивршената реконструкција се создадоа услови за прифаќање на сите ученици за изведување на настава во една смена од 01.09.2006 година.

Од учебната 2008 – 2009 година воспитно – образовниот процес се изведува преку кабинетска настава и компјутер за секој ученик.

ОСУ „Јовче Тесличков“ денес претставува еминентна воспитно – образовна институција во која се практикува квалитетно образование, поттик и подршка на развојот на учениците. Наставата се одвива во современи услови за учење, тимска работа, активности прилагодени на потребите, можностите и интересите на учениците. Училиштето остварува резултати и во голем дел допринесува за задоволување на кадровските потреби во нашиот град и регионот. Во ОСУ „Јовче Тесличков“ се образувале економски, политички и други кадри кои дале голем допринес во градот и републиката.

## За ликот и делото на патронот



Јовче Тесличков е роден на 17 октомври 1925 година во Велес. Потекнува од сиромашна работничка фамилија. Уште како дете ја почувствувал сиромаштијата и тешкиот живот кој бил наметнат од ненародниот режим на стара Југославија. Татко му Димко едвај го прехранувал своето семејство од нередовната плата која ја примал работејќи во монополот.

Јовче основното образование го оформил во училиштето"Св. Ѓорѓи" а го продолжува во Велешката гимназија.

Окупацијата на својата земја го затекнува во родното место. Како гимназијалец Јовче се движи меѓу напредната младина, поради што и чита марксистичка литература. Како резултат на неговата извонредна активност во раскинкувањето на Бугарскиот окупатор и Бугарските школски власти во гимназијата, во 1942 година е примен за член на СКОЈ . Како скоевец активно учествува во тридневниот штрајк на гимназијалците во март 1942 година.Со формирањето на Осмата велешка бригада на 2 септември 1944 година во село Отиштино, Јовче стапува во нејзините редови. Како борец на бригадата активно учествува во борбите што се водат за ослободувањето на нашата земја од окупаторот и домашните предавници.

Јовче како борец на вториот Баталјон на бригадата, а како Скоевец на должност е како делегат во вод. Како борец и Скоевец бил безстрашен, дисциплиниран, примерен и сакан од сите борци. А како резултат на неговата борба и политичка активност во првите денови на октомври е предложен за комесар на чета.

Ова унапредување допринесува Јовче да биде поактивен. Меѓутоа овој младешки полет на Јовчета е сопрен со неговото заминување.

Јовче Тесличков загинува на само 19 години од својот живот, кога требаше и понатаму да се бори и да ја дочека толку саканата слобода за која во текот на животот чезнееше.

Неговиот светол лик на младите генерации треба да и служи како пример за тоа како треба да се брани и чува слободата.

## Важни награди и признанија

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ учествуваат на разни натпревари и манифестации каде го покажуваат своето теоретско и практично знаење. Од страна на раководниот тим и тимот на наставници при ОСУ „Јовче Тесличков“ се води посебно грижа за зајакнување и единството на меѓучовечките односи во училиштето, меѓу учениците и наставниците кои се на завидно ниво и претставуваат солидна база за успешна работа и освојување на важни награди и признанија.

**За својата работа и остварените резултати нашето училиште е добитник на 9-то Ноемвриска награда за 2006 година од Советот на Општина Велес.**

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ учествуваа на меѓународни саеми на виртуелни компании и тоа:

- 2002 год. учество на саем во Софија Р. Бугарија;
- 2003 год. учество на саем во Салзбург, Р. Австрија;
- 2004 год. учество на саем во Темишвар, Р. Романија;
- 2005 год. учество на саем во Фрајштад, Р. Австрија и Варна, Пловдив, Р. Бугарија;
- 2006 год. учество на саем во Загреб, Р. Хрватска и Монтана, Р. Бугарија;
- 2007 год. учество на саем во Салзбург, Р. Австрија и Будва Р. Црна Гора;
- 2009 год. учество на саем во Загреб, Р. Хрватска.

Училиштето редовно зема активно учество во повеќе јавни манифестации како што се: орагнизирање на хуманитарни акции проследени со културно – уметничка програма, учество на финални работилници за проекти на ученици од средните училишта во организација на Црвениот крст на Р. Македонија, манифестации организирани од невладиниот сектор и манифестации организирани од локалната самоуправа. Училиштето има добиено признание од Црвениот крст за успешно организириање и подржување на хуманитарните активности.

Училиштето по повод патрониот празник на училиштето реализира бројни активности збогатени со културно – уметничка програма. Училиштето традиционално организира отворен ден за учениците од завршните години на основото образование, „Саем на бизнис и претприемништво“.

Училиштето редовно учествува на државни натпревари во организација на МАССУМ (Младинаска асоцијација на средни стручни училишта на Македонија) при што учениците секогаш се враќаат со освоени награди и признанија како што се:

2014/2015

- Прво место (Златен медал) Државен напревар за најдобар Јавен говор
- Второ место (Сребрен медал) Државен напревар најдобра Фотографија
- Второ место (Сребрен медал) Државен напревар најдобр штанд
- Трето место (Бронзен медал) Државен натпревар за најдобра веб страна

2013/2014

- Второ место (Сребрен медал) Државен натпревар за најдобар Јавен горов
- Трето место (Бронзен медал) Државен натпревар за најдобра веб страна
- Трето место (Бронзен медал) Државен натпревар за најдобар Маркетинг план

2014/2015

- На државниот натпревар во Кавадарци, во организација на ЦСОО ученичката Ангела Минова го освои првото место и беше прогласена за „Лидер за образовен профил“. Второто место на овој натпревар го освои ученичката Здравевска Зорица. Двете ученички се од 4б клас, профил Деловен секретар.
- Кошаркарскиот тим на ОСУ „Јовче Тесличков“ го освои третото место и бронзата на Државниот натпревар во кошарка за средни училишта, кој се одржа во Кавадарци, во март, 2015 година.

2013/2014

- На меѓународниот математички натпревар „КЕНГУР“ ученикот Јовев Орце освои второ место под менторство на наставникот Радмила Андовска.
- На Државниот натпревар за најдобар “Бизнис план“ за средните училишта во РМ. во организација на НЦДИЕЛ при Машинскиот факултет- Скопје тимот на нашето училиште под менторство на Соња Савевска и Мачавелова Анѓелина влезе во финалниот дел и беше избрано меѓу десетте најдобри бизнис планови.

Учениците во ОСУ „Јовче Тесличков“ усвојуваат знаење, способности и навики со помош на кои се поттикнуваат интелектуалните способности, се стекнуваат со вештини за работење и се развиваат како личности со социјална и емоционална зрелост.

**Постигнувања во наставата во последните три години**

| Учебна година | Вк. запиш ани | Постигнат успех | | | | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Одлични | Мн. добри | Добри | Доволни | |
| 2012/2013 | 541 | 148 | 99 | 145 | 70 | 3.34 |
| 2013/2014 | 518 | 144 | 80 | 157 | 82 | 3.35 |
| 2014/2015 | 484 | 143 | 73 | 126 | 85 | 3.27 |

**Редовност на учениците во последните три години**

| Учебна година | ИЗОСТАНОЦИ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Оправдани | Неоправдани | Вкупно | Просек |
| 2012/2013 | 23 969 | 4 826 | 28 795 | 53.3 |
| 2013/2014 | 21 273 | 4 191 | 25 464 | 49.16 |
| 2014/2015 | 22 268 | 3 560 | 25 828 | 53.36 |

## Идентификувања на училиштето

**Какво училиште сме ние ?**

Нашето училиште е регионален стручен центар од економско-правна и трговска струка, а од неодамна и училиште во кое ќе се образуваат кадри и од областа на банкарството. ОСУ „Јовче Тесличков“ претставува современо училиште со стремеж да образува кадри компетентни и конкурентни на пазарот на трудот и со солидна основа за продолжување на образованието.

Училиштето работи врз основа на законските регулативи, Развојниот план и Годишната програма за работа на училиштето. Тимот наставници се сосредоточени кон единствена цел, градење на млади стручни кадри со стекнати конструктивни навики, изградени вештини и социо-емотивни постигнувања на индивидуалниот развој на ученикот.

Матријалните и човечки ресурси со кои располага училиштето ги задоволува потрбите на вработените и учениците. Просторните капацитети и физичките услови за работа и учење ги исполнуваат очекувањата на учениците, а на тој начин се унапредува и позитно поставената клима за учење и работа.

Сите вработени во училиштето се мотивирани за постигање на високи резултати. Тимот на наставници е составен од стручно оспособени и сестарни личности со јасно зацртани цели и визија. Ние сме училиште кое се залага за остварување на својата мисија. Нашата мисија ја отсликува целта на постоење на нашето училиште кое образува кадри во согласност со потребите на пазарот на трудот преку реализирање на пропишаните наставните планови и програми со примена на информатичката технологија.

**Што правиме да бидеме подобри?**

Потребата да се биде подобар од она што си, ги поттикнува вработените да ги прошират активностите при реализација на наставните планови и програми. Па така наставниот кадар при реализација на воспитно-образовниот процес во училиштето применува иновативни, кретивни и продуктивни методи на настава. При реализација на наставниот час применуваме напредни современи методи, при што се реализира настава преку тимска работа како групна интеракција, симулирање и стимулирање на дискусии и дебати, поттикнување на кооперативно и компетативно учење и едуцирање на учениците од страна на надворешни стручни лица професионалци докажани во својата професија и определба.

Покрај редовната настава редовно се одржува дополнителна настава за послабите ученици и додатна настава за учениците со поголеми капацитети, потенцијали и интереси.

Вработените во училиштето континуирано ги унапредуваат педагошките компетенци и наставнички вештини. Се вклучиуваме во интернационални проекти во кои разменуваме искуства и знаења, а стекнуваме и развиваме нови способности и вештни кои ни овозможуваат унапредување на воспитно образовната работа во нашето училиште.

Сите вработени во нашето училиште се стремиме да произведеме здрави и компетентни млади личности за предизвиците на современо и динамично општество, личности со изградени ставоти и зајакнати вредности, личности кои ќе бидат подготвени да ги задоволат своите егзистенционални, матријални и духовни потреби.

**Како во нашето училиште ќе ја подобриме наставата и учењето**

Општествените промени и современите текови на работење се поврзани со предизвикот образованието да понуди соодветна наставна програма, нови методи на работа, нови односи во комуникацијата наставник – ученик, современи училници и техники на работа.

Воведувањето на ИКТ во наставата е дел од одговорот на образовниот систем кон гореспоменатите предизвици. Континуирана надградба на вештините на наставниците, добро организирање на воспитно – образовниот процес и поттикнување на сите ученици за стекнување на нови знаења и вештини, станаа дел од развојната политика на нашето училиште.

Вложуваме во развојот на личноста, градиме вештини за професионално и животно функционирање на ученикот. Ги поддржуваме учениците при реализација на тешко остварливи цели и оствaруваме поголема соработка со родителите. Училиштето се завзема за градење и оддржување на довербатата во образовниот систем и воспитната компонента во воспитно образовниот процес.

# Подрачје: 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

| **Кои се извори и документи за увид** |
| --- |
| – Наставни планови и програми<br>– Дневници на паралелки<br>– Електронски дневник<br>– Глобални годишни планови на наставниците<br>– Тематски и дневни подготовки<br>– Годишна програма за воспитно образовната работа во училиштето<br>– Програма за работа на директор<br>– Програма за работа на психолог<br>– Записници од родителски состаноци<br>– Записници од Совет на родители<br>– Годишен извештај за воспитно образовната работа во училиштето<br>– Програма за класен час<br>– Програма за еколошка интеграција во македонскиот образовен систем<br>– Интервју со директор<br>– Интервју со психолог<br>– Анкетни прашалници за наставниците |

**Индикатор за квалитет:** Реализирани наставни планови и програми

**1.1 Реализација на наставните планови и програми**

- Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН.
- Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем и според стремежот училиштето да биде со современа, ефикасна и квалитетна настава во 21 век со постигање максимален развој и едукација на учениците и наставниците.
- Најголемо влијание во начинот на реализација на наставните планови и програми имаат наставниците со својата креативност, интерес, желба и залагање со максимално користење на ресурсите во училиштето и соработка со локалната заедница.
- Примената на наставните планови и програми се проверува од страна на директорот и стручната служба.
- На почеток на учебната година на првиот класен час наставниците ги запознаваат учениците со наставните планови, додека на првиот час по секој предмет, наставниците ги запознаваат со наставните програми за соодветната година, детално, по секој предмет.
- На првите родителски состаноци родителите се запознаваат со наставните планови од страна на класниот раководител. Секој родител на свое барање може и индивидуално да се запознае со наставните планови.

- Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставниот план.
- Училиштето им дава можност на учениците самите да одлучат кој изборен предмет сакаат да го изучуваат во наредната учебна година преку пополнување на анкетни листови.
- Изборните предмети се изучуваат наредните две учебни години откако ќе се формираат групите.
- Слободните часови се реализираат во согласност со одобрените интерни наставни програми за ученици во прва и втора година.
- За ученици од трета и четврта година се изведува стариот концепт на слободни часови по Претприемништво и бизнис, Природни науки, Мир, толеранција и заштита, Урбана култура и Култура на здраво живеење.
- За секој ученик се води ученичко досие и тимски се изработуваат проектни задачи.
- Во училиштето на почетокот на учебната година се изработува посебна програма за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем како составен дел на годишната програма. Притоа преку повеќе еколошки активности по секој наставен предмет во текот на годината се постигнува заштита на животната средина.
- Во училиштето повеќе пати во годината се реализираат еколошки активности во согласност со насоките на МОН и локалната самоуправа.
- Секој наставник во своите оперативни планирања вклучува и еколошки точки соодветно со содржината која се обработува по предметот.

**Заклучоци од SWOT анализата**

- Во училиштето се применуваат наставните планови и програми и постои целосна реализација на истите.
- Во наставата се применува ИКТ. Примената на ИКТ е 100% во работа со виртуелни училишни компании, практична настава и практична работа и учество во СПИН програмата.
- Нема софтверски платформи за предметите.
- Постои недостаток на актуелни содржини за одредени теми од наставната програма.
- Во училиштето нема ученици со посебни потреби и затоа не се применуваат наставни планови и програми адаптирани според нив.
- Слободните часови се реализираат според пропишаните планови и програми.
- Се јавуваат потешкотии за реализација на проширени програми поради превозот на учениците кој е организиран.
- Електронскиот дневник се користи од сите наставници и родители.
- Намален број на ученици – осмоодделенци.
- Отворање нови профили во други училишта во градот и околината кои би биле конкурентни на нашите.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Реализација на наставни планови и програми;<br>• Ефективно учење и редовни консултации со наставници;<br>• Примена на ИКТ во наставата;<br>• Учебните помагала се соодветни со наставните планови<br>• Примена на современи форми на настава<br>• Реализација на дополнителна и додатна настава<br>• Работа во училишни компании, практична настава, СПИН програма<br>• Изборни предмети според потребите на учениците<br>• Реализација на слободни часови<br>• Реализација на еколошки проекти<br>• Интегрирање на еколошки содржини и проекти во наставните планови и програми и редовните часови<br>• Употреба на електронскиот дневник |
| **Слаби страни – слабости**<br>• Недоволна заинтересираност на родителите за наставните планови и програми;<br>• Недоволна флексибилност при воведување на нови наставни содржини во наставните предмети;<br>• Усогласување на наставните програми помеѓу предметите<br>• Прилагодување на наставните програми кон индивидуалните можности на учениците<br>• Делумна или мала вклученост на наставниците во изготвување на наставните планови и програми од страна на *БРО и ЦСОО.* |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Прилагодување на наставните програми кон индивидуалните можности на учениците***<br>• ***Подобрување на начинот на информирање на родителите и учениците*** |

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Педагошка евиденција и документација<br>– Извештаите за воспитно образовната работа на училиштето<br>– Годишната програма за работа на училиштето<br>– Евиденција во дневник на паралелка<br>– Наставни планови и програми<br>– Програмата за Еколошка едукација во училиштето<br>– Записници од стручни Активи<br>– Нормативни акти на училиштето<br>– Записници од наставнички совет<br>– Анкети со наставници, родители и ученици<br>– Брошури<br>– Веб портал |

**Индикатор за квалитет:** Квалитет на наставни планови и програми

**1.2 Квалитет на наставните планови и програми**

- Наставните планови и програми како и програмите за класен час во целост го помагаат личниот и општествениот развој на машки и женски ученици од различно етничко потекло преку еднаква полова и етничка застапеност.
- Наставните планови и програми помагаат учениците (машки и женски) во меѓусебната соработка да стекнат самодовербата и да се оспособат да разрешуваат конфликти, да водат грижа за здравјето, интерперсоналните односи, личниот развој и сл.
- Училиштето реализира едукативни предавања за односите меѓу половите и нивните сексуални врски, болестите на зависност дрога, репродуктивно дравје, преку програмите за класен час ОЖВ, презентации, советувања од страна на психологот, предавања од страна на Црвен крст, МВР.
- Училиштето има позитивни примери на интегрирање на бизнис заедницата во одреден дел на наставните програми по предметите.
- Во врска со интегрирањето на еколошката програмата во годишната програма за работа на училиштето влијанитето на наставниците е преку давање на предлози и идеи и креирање во тимска работа.
- Реализацијата на еколошките активности е преку заедничка соработка на наставниците, учениците и локалната заедница. Соработката со родителите на овој план е недоволна.

**Заклучоци од SWOT анализата**

- Училиштето е отворено за промени и подобрување на учењето преку иновирање за сите предмети во однос на стандардите во оценувањето и водење на електронска документација и Е-дневник.
- Наставниците се придржуваат кон наставните програми при реализирањето на наставните содржини.
- При реализација на наставните програми се применива ИКТ во наставата.
- Наставните планови и програми се во корелација мегу себе. Поврзана е теоријата и праксата преку функционирање на виртуелни компании и практичната настава.
- Екологијата е опфатена во училиштето со програмата Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен ситем преку која се организираат повеќе еколошки активности на учениците во наставата и надвор од неа.
- При реализација на наставните планови наставниците се помогнати и технички со персонален компјутер, принтер и фотокопир.
- Во училиштето функционираат активи по сите наставни предмети и истите ги презентираат записниците на наставнички совет.
- Родителите не се вклучени во креирање на наставните планови и програми поради поставеноста на нивното донесување од МОН.
- Одредени содржини од екологија се изучуваат преку програмата Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен ситем.
- Одредени учебници не се соодветни на наставните програми или воопшто ги нема истите.
- Големиот број на часови го отежнуваат реализирањето на програмите и вонставните активности.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Наставниците се придржуваат кон наставните програми при реализирањето на наставните содржини<br>• Се применува ИКТ во наствата<br>• Наставните планови и програми се во меѓусебна корелација<br>• Поврзана е теоријата и праксата преку функционрање на виртуелни компании и практична настава<br>• Екологијата е опфатена во училиштето со програмата Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен ситем |
| **Слаби страни – слабости**<br>• Родителите не се вклучени во креирање на наставните планови и програми<br>• Родителите не се вклучени во креирање на годишната програма по екологија<br>• Одредени учебници не се соодветни на наставните програми или воопшто ги нема |
| **ПРИОРИТЕТ**<br>• ***Квалитетна настава за успешно совладување на наставните програми од страна на учениците и нивно напредување.*** |

**Подрачје: 1 Наставни планови и програми**

## 1.3 Воннаставни активности

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Интервју со директор<br>– Педагошка евиденција и документација<br>– Програма за дополнителна и додатна настава<br>– Годишна програма за воспитно – образовна работа<br>– Годишен извештај за воспитно – образовна работа<br>– Анкети со ученици, наставници и родители<br>– Web портал и Фејсбук профил<br>– Интервју со стручна служба<br>– Извештај од СПИН програма<br>– Дневник на паралелка |

**Индикатор за квалитет:** Реализација на воннаставни активности

- Училиштето планира и во целост ги реализира воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.
- Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности не исклучувајки ги притоа учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.
- Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците ја имаат советодавната координативна улога.
- Учениците се секогаш мотвирани и поддржани од училиштето и наставниците да учествиваат на локални и државни натпревари и манифестации и со подршка од училиштето и наставниците се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално и државно ниво.
- За постигнатите резултати учениците секогаш се пофалени и истакнати на порталот на училиштето.
- На крај на годината се избира ученик на генерацијата и на училиштето земајќи ги во предвид и воннаставните активности како критериум.
- Многу воннаставни активности се посветени на афирмација и презентација на училиштето на локално и државно ниво.
- Голем број на наставни но и воннаставни активности се посветени на Анализа на состојбата на животната средина во што се вклучени голем број на ученици и наставници.
- Учениците и наставниците се вклучени и во Планот на активности и реализација на еколошки проекти од воспоставените еко – стандарди.

**Заклучоци од SWOT анализата**

- Во училиштето се реализираат голем број на воннаставни активности.
- Наставниците се мотивирани и спремни за соработка.
- Преку воннаставните активности се поттикнуваат потенцијалите и способностите на учениците.
- Учениците не се секогаш доволно мотивирани за вклучување во воннаставните активности.
- Треба да се воведат актуелни содржини кои ќе го поттикнат интересот на ученицие за воннаставни активности;
- Во училиштето има ограничен избор на проекти во кои можат да се вклучат учениците со што би ги унапредиле своте способности и знаења.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Учество во натпревари на локално и државно ниво<br>• Учество во проекти и активности за афирмација на училиштето<br>• Откривање на потенцијалите и способностите на учениците и нивно ангажирање<br>• Мотивирани наставници за реализирање на вонучилишни активности<br>• Вклученост на ученици во изборот на воннаставните активности<br>• Вклученоста на учениците во еко проекти |
| **Слаби страни – слабости**<br>• Недоволен број на проекти во кои можат да се вклучат учениците, како и ограничен број на ученици во рамки на проектите<br>• Недостаток на актуелни содржини кои ќе го поттикнат интересот на учениците за воннаставни активности;<br>• Вклученост на мал број ученици и наставници во воннаставни активности<br>• Недоволна мотивираност на учениците за вклучување во воннаставните активности<br>• Поголема соработка со бизнис заедницата за реализирање на воннаставни активности<br>• Голем број на часови и неможност за воннаставни активности (превоз по 7ми час) |
| **ПРИОРИТЕТ**<br>• ***Поттикнување на поголем број на ученици за партиципирање во воннаставните активности со што би се надоградиле нивните знаења и афирмација*** |

**Оценка**: Приоритет кој произлегува од ова подрачје е поттикнување и мотивирање на што поголем број ученици за партиципирање во воннаставните активности со што би се надоградиле нивните знаења и би дошло и до нивна лична афирмација и афирмација на училиштето. Координативниот тим вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **многу добар успех**.

## Подрачје 2: Постигања на учениците

### 2.1 Постигања на учениците

| Кои се извори и документи за увид |
|---|
| – Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето.<br>– Годишна програма за работа на училиштето.<br>– Записници од родителски средби<br>– Матична книга за евиденција на државна матура и завршен испит.<br>– Матична книга на учениците<br>– Дневник на паралелката<br>– Записници од класен совет<br>– Записници од испит на година<br>– Интервју со психолог<br>– Анкета со ученици<br>– Програма за додатна и дополнителна настава<br>– Книга за вонредни ученици<br>– Компаративна анализа за успехот и редовноста на учениците<br>– Досиеја на ученици |

**Индикатор за квалитет:** Подобрен успех на учениците

**2.1 Постигања на учениците**

- Среден успех на учениците по години
- Успех на учениците според етничка припадност
- Успех на учениците според полова структура
- Успех на машки ученици по години
- Успех на женски ученици по години
- Редовност и нередовност на учениците
- Успех на учениците од основно училиште
- Училиштето врши идентификација на учениците со тешкотии во учењето и реализира дополнителна настава по сите предмети за кои учениците пројавуваат тешкотии во учењето според претходно утврдена план и програма.
- Училиштето врши идентификација на надарените ученици и ученици кои покажуваат интерес и значителни резултати во определени области и реализира додатна настава според претходно утврдена план и програма.
- Постои еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма.
- Учениците редовно учествуваат на разни видови натпревари и манифестации од локален и државен карактер и освојуваат се повеќе награди и признанија.

- Училиштето има воспоставено добра врска со локалната средина при што учениците редовно соработуваат и изведуваат практична настава во институциите и приватните компании, а многу често и претставници од истите се дел од наставата каде што несебично ги споделуваат своите знаења со учениците.
- За да се подобрат постигањата на учениците во училиштето , контуирано се следат постигањата на учениците од различен пол, етничка припаднос, според наставни предмети и според квалификациони периоди.
- Училиштето има добро развиен систем преку кој врши следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование.
- Училиштето води редовна евиденција и за учениците кои веќе го завршиле средното училиште, со тоа што се следи дали тие го продолжуваат своето образование и каде.
- Како резултат на работата на училишната Маркетинг агенција и вклученоста на дел од наставниците во промоцијата и уписната политика на училиштето , задоволува бројот на учениците кои се запишуваат во прва година и покрај малиот број на ученици кои го завршуваат основното образование во градов и околината.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Подобрување на постигањата на учениците преку поддржка од наставниците кон учениците кои имаат тешкотии во учењето како и надарените ученици , избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби.
- Состојбата во училиштето според успехот и постигнувањата на ученици континуирано се подобрува, како резултат на интерактивната настава со примена на современи техники и методи.
- Училиштето има направено споредбена квалитативна анализа на постигањата на учениците за последните пет години. Според резултатите од анализата се гледа дека постои растечки тренд на средниот успех на учениците.
- Зголемена соработка наставник-ученик
- Делумна соработка родител-ученик
- Зголемена соработка со локалната средина и училиштата со слични образовни профили.
- Зголемена е размената на образовни искуства преку соработка со други училишта од земјата и странство.
- Наставниците редовно следат обуки за едукација и учествуваат во програми за мобилност во странство.
- Делумна опременост на училиштето во поглед на кабинетска настава со информатичка технологија и други нагледни средства.
- Делумна опременост на кабинетите за практична настава.
- Зголемен интерес на учениците за практична настава и учество во СПИН програмата.
- Подготвеноста на учениците за полагање на државна матура и завршен испит е зголемена.
- Конкурентност на пазарот на трудот, започнување на сопствен бизнис и влез во високо образование, како доказ за стекнатите знаења и вештини во текот на образовниот процес.

**Јаки страни**

- Придржување на кодексот на училиштето од аспект на морал, етика, стручност
- Добра организација и тимска работа на вработените во училиштето
- Навремено исполнување на обврските
- Стручен кадар кој професионално ги исполнува сите задачи
- Целосна реализација на наставните планови и програми
- Користење на квалитетни и современи пристапи во наставата
- Добра соработка помеѓу наставниците и учениците во образовниот процес
- Стимулирање на учениците од различно етичко и социјално потекло
- Квалитетна соработка со институциите и приватните претпријатија од локалната заедница при изведувањето на практичната настава
- Реализација на практичната настава од четири нивоа за учениците од втора до четврта година
- Реализација на практичната настава СПИН (Стекнување на професионално искуство под надзор)
- Изведување на практична настава во училишните тренинг фирми
- Изведување на практична настава во училишната Маркетинг агенција
- Учество во натпреварите од локален и државен карактер и освојување на награди
- Изборни предмети според потребите на учениците
- Примена на ИКТ во наставата
- Добра соработка со дел од родителите
- Зголемена соработка на педагошката служба со учениците

**Слаби страни - слабости**

- Непостоење на комплетна педагошко-психолошка служба во училиштето
- Недостаток на учебници по одделни предмети
- Делумно опремени кабинети во кои се изведува практична настава
- Делумна опременост на училиштето со информатичка технологија и други нагледни средства
- Преобемни наставни програми
- Распоредот не е оптимално направен според потребите на учениците
- Недоволна мотивација на учениците на наставниот процес, незаинтересираност за учење, напредување и постигнување на резултати
- Нередовност на учениците во наставата
- Запишување на ученици во прва година со послаб успех
- Слаба контрола од родителите врз учениците
- Дел од родителите имаат слаб интерес за соработка со училиштето
- Делумна соработка наставник-родител-ученик

**ПРИОРИТЕТИ**

- ***Да се зголеми соработката наставник-родител-ученик и подобрување на интерперсоналните односи во класните заедници***
- ***Да се зголеми мотивацијата на учениците за постигање на повисоки резултати и зголемување на успехот***
- ***Да се зголеми бројот на ученици со подобар успех при упис во прва година***
- ***Да се изврши опремување на кабинетите со информатичка технологија и нагледни средства***
- ***Да се задржи трендот на зголемување на успехот на учениците***

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

**Кои се извори и документи за увид**

- Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето.
- Годишна програма за работа на училиштето.
- Записници од родителски средби
- Матична книга на учениците
- Дневник на паралелката
- Записници од класен совет
- Записници од испит на година
- Интервју со психолог
- Интервју со класни раководители
- Анкета со ученици
- Книга за вонредни ученици
- Компаративна анализа за успехот и редовноста на учениците
- Досиеја на ученици.

**Индикатор за квалитет:** Намален број на ученици што се осипуваат

**2.2 Задржување/осипување на учениците**

- Училиштето редовно ја следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуството (и неоправдано и оправдано) и навремено превзема мерки и активности со кои би се подобрила редовноста на учениците.
- Податоците од спроведената квалитативна анализа покажуваат дека се бележи тренд на зголемување на изостаноците кои учениците ги прават во текот на учебната година (и неоправдано и оправдано)
- Наставниците истакнуваат дека и покрај добрата соработка со родителите, сепак бројот на изостаноци не се намалува и дел од родителите ги подджуваат своите деца и тие им вадат оправдување.

- Осипувањето на учениците најчесто е во прва и втора година.
- При преминот во друго училиште училиштето ги доставува сите потребни информации и документи кои се потребни за образовниот развој на ученикот, а исто се бараат потребните информации и за учениците кои од другите училишта се запишуваат во нашето училиште и истите се земаат во предвид при понатамошната образовна работа со ученикот.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Училиштето континуирано го следи осипувањето на учениците, преку анализа на причините за истото и преку соработка со родителите навремено превзема конкретни мерки за да го намали осипувањето.
- Во текот на годината повеќе пати се врши проверка на мислењето на учениците за наставата и промените кои им се потребни за стекнување вештини преку анонимни анкети
- Се превземаат активности со кои се исполнуваат барањата на учениците во врска со наставата и промените кои им се потребни
- Училиштето располага со информации за бројот на осмооделенци во општината и регионот и соработува со нив преку работилници наменети за учениците од девето одделение , како дел од предметот Иновации и претприемништво.
- Училиштето се промовира пред учениците од девето одделение , нивните родители и пред медиуми.
- Училиштето организира „Саем за бизнис и претприемништво“ каде се промовира пред учениците од девето одделение , нивните родители , пред медиуми, деловната и локалната заедница.

**Јаки страни**

- Училиштето спроведува кампања за упис во прва година со што ги посетува основните училишта во општината и регионот
- Училиштето има изградено политика за опфат на сите ученици од регионот,
- Училиштето е отворено за информации за ученици и родители секој ден во текот на неделата
- Училиштето организира отворен ден за учениците од девето одделение кои имаат можност да се запознаат со работата на училиштето и целокупниот образовен процес
- Училиштето нуди позитивна клима за работа
- Квалитетна соработка со локалната заедница
- Стимулирање на учениците од различно етичко и социјално потекло
- Интерактивна настава со примена на современи техники и методи.

| |
|---|
| • Реализација на практичната настава СПИН (Стекнување на професионално искуство под надзор)<br>• Изведување на практична настава во рамките на училишните тренинг фирми |
| **Слаби страни – слабости**<br>• Потежок распоред на часови<br>• Обемна програма<br>• Немање учебници по одделни предмети<br>• Многу теорија (многу предмети)<br>• Неопремени кабинети за потребите на практичната настава<br>• Редовноста на учениците<br>• Доцнења на учениците на првиот училишен час<br>• Слабата мотивираност на учениците за постигање на било какви цели<br>• Послаб успех на учениците кои што се запишуваат во прва година<br>• Слаба контрола од страна на дел од родителите<br>• Слабите врски за соработка родител-училиште |
| **ПРИОРИТЕТ**<br>• ***Да се воведат построги педагошки мерки***<br>• ***Да се зголеми редовноста и мотивираноста на учениците***<br>• ***Да се зголеми соработката помеѓу класните раководители, наставниците и родителите со цел намалување на изостаноците*** |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

**2.3 Повторување на учениците**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| - Извештаи за воспитно образовна работа на училиштето.<br>- Записници од родителски средби<br>- Матична книга на учениците<br>- Дневник на паралелката<br>- Записници од класен совет<br>- Записници од испит на година<br>- Евидентни листови за успех и поведение<br>- Интервју со директор<br>- Интервју со психолог<br>- Извештаи од стручна служба<br>- Анкета со наставници<br>- Досиеја на ученици. |

**Индикатор за квалитет:** Намален бројот на ученици што ја повторуваат учебната година

**2.3 Повторување на учениците**

- Број на ученици кои не ја завршиле учебната годината
- Причини поради кои не ја завршиле учебната годината
- Број на учениците кои ја завршуваат учебната годината

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Тенденција на училиштето е да го задржи трендот на ученици кои не ја повторуваат учебната година
- Во училиштето постојат пропишани правила и процедури за идентификување и анализирање на причините за повторување на учебната година и се превземаат мерки преку кои се намалува бројот на учениците кои повторуваат.
- Сите ученици, а и нивните родители се запознати со постапката за поднесување на жалба при повторување на учебната година.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Реализација на наставните планови и програми<br>• Примена на квалитетни и современи пристапи во наставата,<br>• Стручен кадар во училиштето кој навремено и професионално ги исполнува сите задачи и обврски<br>• Интерактивна настава со примена на современи техники и методи,<br>• Редовно одржување на дополнителни часови за учениците кои покажуваат тешкотии при совладувањето на одредена материја<br>• Редовно одржување на додатна настава за учениците кои покажуваат интерес за проширување на своите знаења<br>• Наставниците се отворени за соработка со учениците и родителите со цел подобрување на нивниот успех и успешно завршување на учебната година<br>• Солидно изграден однос помеѓу наставниците и учениците,<br>• Квалитетна соработка со локалната заедница<br>• Квалитетна соработка со основните училишта |
| **Слаби страни - слабости**<br>• Недоволна мотивација на учениците на наставниот процес<br>• Незаинтересираност на дел од учениците за учење, напредување и постигнување на резултати<br>• Нередовност на учениците во наставата<br>• Слабиот успех на учениците кои се запишуваат во прва година<br>• Слаба контрола од родителите (кај поедини случаеви)<br>• Немање учебници по одделни предмети. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Да се задржи бројот на ученици кои ја завршуваат учебната година, т.е да се задржи трендот од изминатите две години каде што нема ниту еден ученик кој што ја повторува учената година***<br>• ***Конинуирана мотивација на учениците во текот на наставната година***<br>• ***Континуирана работа на наставниците за одржување на дополнителна настава во текот на наставна*** |

**Оценка:** Приоритет кој произлегува од ова подрачје е Постојано намалување на бројот на ученици кои ја повторуваат годината како и зголемување на редовноста и мотивираноста на учениците со цел намалување на изостаноците. Координативниот тим вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **добар успех**.

## Подрачје бр. 3: Учење и настава

### 3.1 Планирања на наставниците

**Кои се извори и документи за увид**

- Интервју со директорот
- Интервју со психологот
- Интервју со овластен просветен инспектор
- Интервју со 30 наставници
- Глобални годишни планови
- Тематски планови
- Дневни подготовки
- Записници од реализирана посета на час од страна на директор
- Записници од реализирана посета на час од страна на психолог
- Записници од страна на општински просветен инспектор
- Записници од страна на државен просветен инспектор
- Увид во извештаи од реализирани обуки и семинари за унапредување на планирањето на наставниците

**Индикатор за квалитет:** Реализирани наставните планови и програми

### 3.1 Планирања на наставниците

- Подготовка на годишни глобални планови;
- Подготовка на тематски и дневни подготовки;
- Реализација на годишни глобални планови;
- Реализација на тематски и дневни подготовки;
- Компатибилност на дневните подготовки со потребите на учениците и со целите и активностите предвидени во годишната програма за работа по наставните предмети;
- Реализација на предвидените цели во дневните подготовки со учениците;
- Ажурирање на дневни подготовки;
- Учество на обуки и семинари за унапредување на планирањата на наставниците;
- Примена и дисеминација на стекнатите знаења и искуства од семинари и обуки;
- Примена на ИКТ во наставата;
- Еколошка содржина кај дневните подготовки на наставниците;
- Распоред на часови – изработка;
- Пропишани приоди и утврдени процедури за планирање и за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Сите наставници изработуваат годишни глобални планови, тематски подготовки и усогласени со нив дневни подготовки;
- Најголем дел од наставниците ги реализираат целите утврдени во дневните подготовки;
- Најголем дел од наставниците применуваат ИКТ во наставата;
- Распоред на часови се прави со почитување на најдобриот интерес на учениците;
- Во планирањата на наставниците постои јасно утврден начин на оценување на учениците;
- Наставниците немаат никакво влијание врз креирањето на наставните планови и програмски решенија;
- Недостаток на учебници по одредени наставни предмети;
- Потребна е редовна ектерна едукација на унапредување на планирањето на наставниците;
- Потребна е екстерна едукација за примена на еколошки активности во планирањето на наставниците.

| **Јаки страни** |
|---|
| • Годишно планирање од страна на сите наставници;<br>• Тематско планирање од страна на сите наставници;<br>• Дневно планирање од страна на сите наставници;<br>• 90 % од наставниците ги реализираат предвидените цели со учениците, дефинирани во дневните подготовки;<br>• Примена на ИКТ во наставата;<br>• Јасно утврден начин на оценување во планирањето на наставниците;<br>• Инструмент за периодично следење на планирањата на наставниците;<br>• Распоред на часови со почитување на најдобриот интерес на учениците;<br>• Изграден систем на планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на директорот и стручната служба;<br>• Обработка на еколошки содржини од страна на наставниците согласно еколошката програма;<br>• Имплементација на проектот за „Меѓуетничка интеграција“ во наставните содржини. |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Наставниците немаат влијание врз наставните планови и програмски решенија;<br>• Недоволна одговорност за реализација на сродноста во комуникацијата меѓу наставниот кадар;<br>• Недоволна екстерна едукација на наставниот кадар за унапредување на планирањето на наставниците;<br>• Дневните планирања кај одделни настанници содржат мали технички недостатоци. Исто така и тематските и годишните планови. |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>***Изнаоѓање начин за вклучување на наставниците во креирањето на наставните планови и програмски решенија и поголема комуникација помеѓу наставниците кои реализираат настава на сродни предмети.*** |

### 3.2 Наставен процес

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Тематски планирања на наставниците<br>– Дневни планирања на наставниците<br>– Интервју со наставниците<br>– Интервју со учениците<br>– Интервју со директор<br>– Педагошка евиденција за организирана дополнителна и додатна<br>– настава, слабодни часови и секции<br>– Верификација од страна на МОН на новиот профил банкарски техничар и продавач. |

| |
|---|
| – Портфолија од работењето на училишните компании<br>– Меѓународни сертификати за проектот Leonardo Da Vinci за мобилност овозможена преку Национална Агенција за европски образовни програми<br>– Меѓународни сертификати од финскиот универзитет за развој на педагошките компентенции на наставниците<br>– Записници од посета на директор и психолог на отворените часови на наставниците<br>– Извештај од реализација на еко прропрамата во наставата<br>– Извештај од проектот за ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“<br>– Интервју со одговорен наставник за реализација на еко програмата<br>- Интервју со координаторот одговорен за имплементација на проектот за ,,Меѓуетничка интеграција во образованието“ |

**Индикатор за квалитет:** Подобрување на квалитетот на наставата преку примена на современи форми и методи со цел намалување на отстапувањатра на екстеното оценување од оценките добиени од прадметните наставници.

**3.2 Наставен процес**

- При реализацијата на воспитно-образовната дејност во училиштето се користат современи форми и методи на настава;
- Наставниот кадар на училиштето е обучен за примена на современи методи и форми на настава бидејќи наставниците посетуваат обуки и семинари со што го подобруваат сопствениот професионален развој;
- Примената на ИКТ технологија во наставата е застапена со повеќе од 30%;
- Наставниците самостојно вршат избор на задачи и активности за реализација на наставната програма. Индивидуалниот приод на наставниците кон учениците овозможува да се согледаат способностите на учениците, како и нивните слаби страни;
- Се организираат отворени часови по стручни предмети и практична настава, а формирани се и импулсен центар и маркетинг агенција во кои работат наставници и професори ентузијасти, при што ги развиваат своите претприемачки способности и вештини;
- Училиштето има утврдена интерна процедура за следење на наставниот процес и истата редовно се применува;
- Директорот на училиштето и училишниот психолог ја следат воспитно - образовната работа и ја евалуираат истата.
- Постои интеракција помеѓу наставниците и учениците во реалзиација на еколошките активности и предвидените точки на акции од воспоставените еко-стандарди.
- Успешно иплементирање на проектот за Меѓуетничка интеграција -преку реализирани посети на ученици и наставници со средното училиштет ,,Др Ибраим Темо“ од Струга каде што се образуваат ученици од други етникуми.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Соработка со стручните служби од основните училишта со цел привлекување на ученици со подобар просечен успех;
- Намалениот број ученици кој го завршуваат основното образование на територијата на Општина Велес.

**Јаки страни**

- Примена на ИКТ во наставата;
- Редовна подготовка на годишни, тематски и дневни подготовки од страна на наставниците;
- Реализација на наставниот процес преку примена на современи форми на настава и ИКТ технологија;
- Воведување на нои образовни профили банкарски техничар и продавач кои ги следат новите трендови и потреби на пазарот на труд;
- Реализација на дополнителна и додатна настава;
- Примена на надгледни средства и помагала кои го надополнуваат современиот воспитно-образовен процес;
- Тесна корелација помеѓу теоријата и практичната настава;
- Реализација на СПИН програмата преку која се реализира соработката со бизнис секторот и се развиваат практичните вештини на учениците;
- Постои интеракција помеѓу наставниците и учениците во реалзиација на еколошките активности;
- Подигање на меѓуетничката клима соработка комуникација и толеранција меѓу учениците од различни етникуми;
- Пронаоѓање на инвентивни начини за реализација на Еко програмата.

**Слаби страни – слабости**

- Недоволна мотивираност на дел од наставниците за имплементирање на еко-програмата во наставата;
- Недостиг од програмски софтвери за наставните предмети;
- Запишани ученици со послаб успех;
- Недостиг на соодветни учебници по одреден број на предмети;
- Недоволна комуникација помеѓу наставниот кадар.

**ПРИОРИТЕТИ**

***Мотивирање на сите наставници за континуирана примена на современите методи и техники во реализацијата на целите на наставниот како и за примена на еко-програмата во наставата.***

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Кодекс на однесување<br>– Дневници на паралелките<br>– Интервју со носителот на СПИН програма во училиштето<br>– Интервју со раководителите на училишните компании<br>– Интервју со ученици<br>– Увид во училишниот простор<br>– Педагошка евиденција на редовната, додатната и дополнителната настава<br>– Интервју со одговорни лица во деловните друштва и јавните институции каде се реализираат активностите од СПИН програмата<br>– Интервју со одговорните наставници на маркетинг агенцијата и импулсниот центар<br>– Интервју со координаторот за реализација на посетата на наставници и ученици од средно училиште од Франција<br>- Спроведени анкети со ученици |

**Индикатор за квалитет:** Пренесување на позитивното искуство и запишување на ученици со подобар просечен успех во учебната 2014-2015.

**3.3 Искуства на учениците од учењето**

- Учениците го доживуваат училиштето како место со клима на добра меѓуетничка толеранција која потикнува интерес за учење унапредување на инвидуалните способности и вештини;
- Во училиштето кај поголем дел од наставниците наставата се одвива во позитивна атмосфера за работа;
- Кодексот на однесување јасно ги пропишува и правата и одговорностите како на наставниците така и на учениците, а истовремено делува мотивирачки кај учениците за преземање на одговорностите од нивното однесување;
- Наставниците ги поттикнуваат учениците да ги развиваат своите лични способности и вештини;
- Учениците се запознаени со целокупната ИКТ опрема со која располага училиштето и имаат секојдневен пристап до истата за да ги задоволат потребите на наставата;
- СПИН програмата и училишните компании се дел од образовниот процес и за нив постои се поголем интерес кај учениците. Претпоставените се задоволни од пристапот на учениците кон обрските како и од вештините со кои ги извршуваат поставените задачи;
- Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошките проекти и точки на акции од воспоставените еко стандарди;
- Потикнување на учениците за реализација на проектот за меѓуетничка интеграција;

- Остварена посета од учененици и наставници од Франција во времетраење од седум дејна,при што наставнивници и ученици зедоа учество во спроведување на работилници од едукативен карактер,размена на искуства како и посета клутурно уметнички споменици во нашата општина, а истовремено учениците оставарија и дружења во вечерните часови со што оставарија солидна основа за остварување на понатамошна возвратна посета планираниа во април 2015 година;
- Во процесот на учење учениците се охрабруваат и поттикнуваат од наставниците да го искажат своето мислење, критички став, иновативност и вештини;
- Преку редовната настава, слободните часови, проектните активности и останатите вонннаставни активности учениците се поттикнуваат и мотивираат да остваруваат меѓусебна соработка и соработка со наставниците во училиштето;
- Учениците членови во маркетинг агенцијата формирана во рамките на училиштето покажаа ентузијазам  за промовирање на училиштето и подигнување на неговиот рејтинг во општината и пошироко.

**Заклучоци од   SWOT  анализите**

- Меѓусебна интеракција на учениците како и интеракција помеѓу учениците и возрасните во училиштето и надвор од училиштето;
- Подигнување на климата на меѓетничка толеранција на повисоко ниво како резултат на успешното имплементирање на проектот на ,,Меѓутничка интеграција во училиштето“;
- Работната атмосфера е доведена во прашање бидејќи се бележи тенденција на запишување на ученици со послаб успех.

| **Јаки страни** |
|---|
| • Современо опремени кабинети со компјутерска технологија и пристап до интернет;<br>• Поволна клима за учење и настава;<br>• Примена на теоретски знаења во пракса;<br>• Одлична соработка со локалната и бизнис заедницата во функција на реализирање наставните програми и планови;<br>• Зголемена редовност на учениците. |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Недоволен интерес за усвојување нови знаења од страна на одредени ученици;<br>• Недоволна соработка со родителите за зголемување на постигнувањата на учениците;<br>• Дел од родителите кои најчесто потекнуваат од руралните средини не се заинтересирани за успехот, редовноста и исполнувањето на останатите обврски на нивните деца во училиштето;<br>• Недоволна заинтересираност на дел од учениците за спроведување на Еко програмата. |
| **ПРИОРИТЕТ**<br>***Зголемување на мотивираноста на учениците за стекнување на нови знаења, зголемување на редовноста и преземање на одговорноста за сопсвените постапки како и зголемување на ин тересот за учество во проекти кои имаaат за цел да ги развиваат нивните практични вештини и способности.*** |

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Педагошка евиденција за дополнителна и додатна настава<br>– Подготовки за дополнителна настава<br>– Подготовки за додатна настава<br>– Анкети со наставниците<br>– Интервју со учениците<br>– Интервју со психологот<br>– Интервју со директорот<br>– Извештај од координаторот за поесета и соработка со средно училиште од Франција<br>– Извештај од координаторот за спроведувањето на проектот за ,,Меѓуентичка интеграција“ |

| |
|---|
| – Извештај од координаторот за спроведувањето на еко програмата во изминатиот период<br>– Дневни подготовки на наставниците<br>- Програма за дополнителна и додатна настава на наставниците |

**Индикатор за квалитет:** Мотивираност на учениците за подобрување на успехот по сите наставни предмети како и мооголема мотивираност за учество воите проекти во кои е вклучено училиштетшо со цел подигање на вештините способностите на учениците.

**3.4 Задоволување на потребите на учениците**

- Наставниот кадар во континуирана соработка со стручната служба- училишниот психолог систематски ги идентификува потребите на учениците и во подготовките за дополнителна и додатна настава соодветно ги поставуваа целите;
- Предметните наставници редовно изведуваат додатна настава и дополнителна настава по однапред утврден распоред;
- Во процесот на учење најголем број од наставниците користат современи методи и техники и ИКТ технологија и имлементирање на еко стандардите и меѓетничката интеграција;
- Изготвените интерни критериуми за оценување во комбинација со методите за оценување се со цел да се мотивираат учениците да го постигнат својот максимум;
- Во училштето се обезбедува и одржува здрва и чиста животна средина за работа и учење;
- Воведување на физичко обезбедување кое ја подигна безбедноста и сугурноста на учениците.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Организирање на екстерни едукации за вработените за подобрување на нивните комуникациски вештини;
- Учество на наставниците во меѓународни проекти.

| **Јаки страни** |
|---|
| • Навремено идентификување на различните потреби на учениците;<br>• Изработена е програмата за дополнителна и додатна настава;<br>• Изработен распоред за дополнителна и додатна настава;<br>• Редовно информирање на родителите преку елоктронскиот дневни за редовноста и успехот по сите наставни предмети;<br>• Подготвеноста на наставниците и вработените во училиштето за задоволување на потребите на учениците;<br>• Изаработен распоред за отворени часови на сите наставниците;<br>• Водедување физичко обезбедување и подигање на безбедноста на учениците;<br>• Изготвен е правилник за наградување и пофалување на учениците. |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Неподготвеноста на одредени ученици за истакнување на нивните потреби и потешкотии;<br>• Недоволен интерес од страна на учениците за посета на дополнителната настава;<br>• Слабата заинтересираност на дел родителите за соработка со училиштето. |
| **ПРИОРИТЕТИ** |
| ***Мотивирање на учениците за поголема соработка со стручната служба и наставниците и зголемување на интересот на родителите за поголема соработка со наставниците и стручната служба.*** |

### 3.5 Оценувањето, како дел од наставата

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Записници од родителски средби<br>– Записници од совет на родители<br>– Анкети со наставници<br>– Индивидуални средби на родители со наставници и стручната служба<br>– Интерни критериуми за оценување на учениците<br>– Дневни подготовки на наставниците<br>– Портфолија за практична настава<br>– Извештаи за следење на успехот на учениците на крајот од секој квалификационен период<br>– Контролни работи како форма на писмена проверка на знаењата<br>– Записници од стручни активи и совети на паралелките |

– Писмени работи како форма на проверка на знаењата
– Изработени проектни задачи
– Резултати од екстерни тестови на ниво на држава - државна матура
– Резултати од екстерно проверување на учениците
– Наставниот кадар и стручните служби систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и пречките во процесот на секој ученик и превземаат активности за остварување на потребите на учениците и остранување на пречките во процесот на учење
– Програма за работа на училиштето
- Електронски дневник

**Индикатор за квалитет:** Интерни критериуми за оценување на учениците

**3.5 Оценувањето, како дел од наставата**

- Вреднувањето на напредокот и постигнувањето на учениците се врши преку оценувањето согласно законските прописи што го регулираат оценувањето на учениците;
- Во рамките на политиката за оценување во училиштето наставниците користат современи методи и техники на оценување;
- Наставниците транспарентно ги оформуваат формативните оценки. Наставниците транспарентно ги формираат сумативните оценки;
- Во дневните подготовки на настаниците се содржани современи форми и техники на оценување;
- Наставниот кадар и стручните служби систематски ги идентификуваат образовните потреби на учениците како и пречките кај секој ученик и преземаат активности за остварување на потребите на учениците и остранување на пречките во процесот на учење;
- Наставниците редовно ги споделуваат целите на наставата и очекуваните исходи од учењето со учениците. Задачите кои се работат во училиштето и дома се добро испланирани, поврзани и прилагодени кон индивидуалните образовни потреби на учениците;
- Училиштето има изготвено интерни критериуми за оценување со чија примена се запознаени учениците и родителите на родителските средби;
- Во училиштето се изработуваат тестови со различни тежински нивоа. Наставниците континуирано го следат и транспарентно го оценуваат напредокот на учениците, вклучувајќи ги и нив преку самооценувањето, оценување од ученици, користење на интерни критериуми и водење на портфолија за практична настава;
- Во процесот на ооценување се вклучени и сите проекти на тема екологија.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Екстерна едукација на наставниот кадар за формативно оценување;
- Екстерното проверување на знаењето на учениците негативно влијае врз критериумот за оценување кај најголем број од наставниците од наставниот кадар;
- Учениците со слаб успех очекуваат да добијат позитивна оценка и без минимален вложен труд во процесот на учење.

**Јаки страни**

- Транспарентност во оценувањето;
- Дневните подготовки на наставниците содржат современи форми и методи на оценување;
- Изработени се интерни критериуми за оценување и нивна примена;
- Наставниците користат стандардизирани тесотви со различни тежински нивоа;
- Изработка на портфолија за предметите по практична настава;
- Наставниците континуирано го следат и транспарентно го оценуваат напредокот на учениците, вклучувајќи ги и нив преку самооценувањето, оценување од ученици, користење на интерни критериуми и водење на портфолија за практична настава.

**Слаби страни - слабости**

- Недостаток на самокритичност кај дел од наставниците;
- Примената на писменото оценување по сите наставни премети доведува до преоптовареност кај учениците;
- Нема изграден систем за континуирано писмено информирање на родителите со повратни информации од нив;
- Нема валоризација на оценката на пазарот на трудот- предност при вработување , а тоа доведува до намалена мотивираност на учениците за подобри оценки;
- Поголемо вклучување на учениците во самооценување од страна на дел од наставниците, со цел учениците да стекнат претстава за сопственото знаење.

**ПРИОРИТЕТ**

***Зголемување на самокритичноста кај наставниците и доизградување на системот на критериуми за оценување.***

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

**Кои се извори и документи за увид**

- Записници од родителски средби
- Записници од совети на родители
- Записници од состаноците на училишниот одбор
- Индивидуални средби на родителите со класниот раководител, предметните наставници, стручната служба и директорот
- Евиденција на наставниците за остварените средби и соработка со родителите
- Интервју со директор
- Интервју со психолог
- Интервју со овластен просветен инспектор
- Интервју со 20 наставници – класни раководители
- Анкета со родители
- Електронски дневник – увид во интересот на родителите кои го проверуваат успехот и редовноста на нивните деца по електронски пат

**Индикатор за квалитет:** Навремено и уредно информирани родители и ученици за напредокот на учениците

**3.6 Известување за напредокот на учениците**

- Училиштето има изграден систем на континуирано известување на родителите за напредокот и постигањето на учениците;
- Училиштето во форма на извештај во писмена форма ги информира родителите за постигнувањата на учениците;
- Училиштето ги информира родителите кога учениците ќе ги подобрат оценките преку електронски дневник;
- Училиштето писмено ги информира родителите кога учениците ќе го намалат успехот;
- Училиштето писмено ги информира родителите кога учениците ќе забележи тенденција на зголемено отсуство од часови;
- Училиштето нема утврден систем во писмена форма за известување на родителите за напредокот за нивните деца. Се користат формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родители;
- Секој работен ден на големиот одмор е отворен ден за родителите за време на кој тие можат да добијат информации за напредокот на ученикот;
- Кај наставниот кадар во училиштето е присутно согледување дека интересот на родителите за напредокот на учениците е недоволен;
- Кај наставниот кадар во училиштето е присутен заклучокот дека интересот на родителите за успехот и напредокот на учениците со послаб успех е послаб;
- Училиштето е целосно отворено за соработка со родителите по сите основи;
- На планирани родителски средби родители добиваат евидентен лист за секој квартал од учебната година преку кој се информираат за сумативната оценка по секој наставен предмет, како и за бројот на оправдани и неоправдани изостаноци.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Потребно е изнаоѓање начин како да се мотивираат родителите поактивно да
- соработуваат со училиштето;
- Да се мотивираат родителите поактивно да се вклопат со предлагање и
- реализирање на проекти од еколошка природа;
- Потребна е соработка во делот на проекти од еколошка природа. Ова отвара можност за вклучување на ученици со послаби резултати по наставните предмети, а поседуваат други таленти;
- Родителите недоволно ја користат можноста за увид во Е-дневникот;
- Не задоволува посетата на родителските средби од страна на дел од родителите на ученици со послаби оценки;
- Слабата можност да се спречи влијанието на електронски и печатени медиуми врз однесувањето на учениците.

| **Јаки страни** |
|---|
| • Училиштето редовно ги известува родителите за постигањата на нивните деца на родителски средби, како и на индивидуални, формални и неформални средби;<br>• Училиштето во форма на извештај ги информира родителите за постигањето на нивните деца во секој класификационен период;<br>• Училиштето писмено ги повикува родителите кога класниот раководител ќе сигнализира влошување на успехот и редовноста на ученикот врз основа на евиденцијата во дневникот или врз основа на разговор со предметни наставници;<br>• Училиштето овозможува целосен увид на родителите во состојбата на учениците по електронски пат. Постои целосна ажурна евиденција во електронскиот дневник;<br>• Одлична соработка меѓу педагошката служба, најголем дел од учениците и родителите, наставниците и директорот. |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Сеуште мал број родители ја користат можноста за секојдневен увид во состојбата на успехот и редовноста на учениците преку електронскиот дневник на училиштето;<br>• Нередовна посета на родителските средби од страна на дел од родителите;<br>• Мал дел од родителите не се одзиваат на поканите за советување од училишниот психолог;<br>• Постои послаба комуникација помеѓу дел од родителите, стручната служба и директорот;<br>• Родителите недоволно ги користат можностите за индивидуални средби со наставниците. |
| **ПРИОРИТЕТ** |
| ***Зголемување на мотивацијата на родителите за користење на можностите на електронскиот дневник во училиштето и подигање на повисоко ниво на довербата кон училиштето.*** |

**Оцена**: Зголемување на мотивираноста на наставниците за зголемување на нивната самокритичност и доизградување на критериумите за оценување. Мотивирање на родителите за поголема соработка со наставниот кадар и стручната служба. Координативниот тим вклучен во самоевалуацијата на ова подрачје го оцени со **многу добар успех**.

## Подрачје бр.4: Поддршка на учениците

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| - Пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училиштето,зградата на училиштето,дворот<br>- Интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди<br>- Интервју со психолог<br>- Интервју со директор<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Учество на проект„Безбедноста на училишната хармонична средина“<br>- Записници од работата на Црвениот крст<br>- Извештаи од воспитно-образовната работа<br>- Распоред за дежурства на наставници<br>- Кодекс на однесување на наставници и ученици<br>- Евидентни листови за работа со ученици и родители од страна на стручната служба<br>- Анкета со ученици<br>- Податоци за организирани трибини и предавања во училиштето<br>- Програма од образование на животни вештини<br>- Извештај од работењето на ЕКО одборот<br>- Увид во просторни капацитети |

**Индикатор за квалитет: Безбедна училишна средина –безбедни и успешни ученици**

### 4.1 Севкупна грижа за учениците

- заштита од физички повреди и елементарни непогоди
- превенција од насилство
- заштита од пушење,алкохол и дрога
- квалитет на достапна храна
- поддршка на учениците со телесни пречки во развојот
- грижа за ученици од социјално загрозени семејства

### Заклучоци од SWOT анализите

- Училишниот простор во ОСУ,,Јовче Тесличков” е безбеден за изведување на воспитно-образовниот процес а тоа го потврдуваат и резултатите од анкетата од која 97% од анкетираните ученици го потврдија истото.
- Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите се реализираат според предвидениот план.
- Инфраструктурата во училиштето(мебелот,скалите,подовите,струјните места итн) се безбедни и не преставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците.Сите опасни места кои не можат да се избегнат се посебно означени и оградени и анкетираните ученици го потврдуваат истото.
- Секојдневните дежурства на наставниците за време на одморите уште повеќе ја зајакнуваат грижата за учениците.Учениците редовно се информираат од наставниците како да се однесуваат во случај на опасност.

- Кодексот е истакнат на видно место во секоја училница и секој може да го прочита. На почетокот на учебната година им се презентира на родителите и е договорено сите да се придржуваат кон него.
- Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и најмалку еднаш годишно изведува симулација од страна на група ученици и наставници на ниво на локална самоуправа.
- Во училиштето има кадар за давање на прва помош при несреќни случаи и дел од учениците се членови на црвен крст и со нивна соработка се реализираат обуките. Дел од наставниците и учениците се сертифицирани за давање на помош при несреќни случаи.
- Физичкото обезбедување во училиштето уште повеќе влијаеше за зголемување на безбедноста во училиштето за време на наставата.
- Училиштето е вклучено во проектот „Безбедни училишта-хармонична средина“ на ОПСЕ оделот за превенција при СВР ВЕЛЕС чија основна цел е подобрување во однесувањето и нивото на безбедност и култура првенствено кај учениците со партнерско делување на родители, наставници, стручен кадар и ученици во сузбивање на појавни облици на малолетничка деликвенција.Учениците во анкетата не наведоа никаков облик на насилство кој не се санкционирал во нашето училиште од страна на учениците и стручната служба.
- Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите и децата им приоѓаат чуствително грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. За таа цел соработуваат меѓусебно, со родителите, стручниот соработник ,директор.Од анкетата 97% од учениците сметаат дека во нашето училиште нема облици на психичко и физичко насилство, а од останатите 3% не наведоа и не познаваат присутна форма на физичко и психичко насилство.
- Има истакнато мерки за правата на децата од Национална комисија за правата на децата во Р. Македонија и овој документ е истакнат во сите училници и достапен за сите наставници, родители и ученици.
- Ретките конфликти кај учениците се надминуваат со класните раководители, родители, стручниот соработник, предметните наставници,директор.
- Во училиштето се спроведува политика за забрана на пушење, конзумирање на алкохол и дистрибуција и конзумирање на наркотични средства.Во просториите на училишната зграда на видно место има истакнато знаци за забрането пушење и доследно се почитува од страна на сите ученици и вработени.Со реализацијата на воспитната компонента на класен час и работа со психолог учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци и се анкетираат за да се утврди нивниот став во тие теми.Вклученоста на локалната заедница на ова поле со доделување на стипендии за талентирани ученици уште повеќе ја зајакнува соработката со училиштето.
- Училиштето се грижи и за учениците со телесни пречки во развојот и настојува да ги вклучи во наставниот процес рамноправно со другите ученици.За таа цел на едниот влез на училиштето е поставена рампа за лица со хендикеп за да се олесни пристапот во училиштето.
- Училиштето води грижа и за учениците од социјално загрозените семејства и постојано им излегува во пресрет за да помогне во решавање на некој проблем.Училиштето продолжува со учество во проектот-Условен паричен надоместок, а во соработка со НВО Фокус се превземаат активности за стипендирање на некој ученик од овие семејства. Во соработка со ЦК на загрозените семејства им се доделува пакет со храна и облека а се собираат и финансиски средства понекогаш за помош на некои семејства.

| **Јаки страни** |
| --- |
| • Пропишани мерки и услови кои ги исполнуваат работните и помошните простории<br>• во училиштето за безбедност на наставниот процес<br>• Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди<br>• Дежурства на ученици и наставници за време на образовниот процес<br>• Физичко обезбедување во училиштето<br>• Истакнати мерки за правата на децата во секој кабинет<br>• Организирани трибини и предавања во училиштето за безбедност<br>• Бесплатни учебници и превоз за учениците<br>• Обезбеден пристап за ученици со телесни пречки во развојот<br>• Се помага на учениците од социјално загрозените семејства |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Стара електрична и водоводна инсталација и фасадна столарија<br>• Немање лифт за движење на учениците со телесни пречки во развојот на<br>• повисоките катови од училиштето<br>• Пристапот до училиштето<br>• Оградувањето на дворот<br>• Групирање на учениците<br>• Несовремен технички систем за обезбедување на училиштето<br>• Недоволна самоиницијатива на родителите<br>• Преовладување на ниско образовно ниво и низок социоекономски статус кај родителите |
| **ПРИОРИТЕТИ** |
| • *Зголемување на соработката со институциите и локалната самоуправа за спречување на младите лица да користат алкохол и наркотични средства*<br>• *Обезбедување современ технички систем за заштита на училиштето*<br>• *Зголемување на соработката со родителите во врска со безбедноста на учениците* |

**4.2 Здравје**

| **Кои се извори и документи за увид** |
| --- |
| • Годишна програма за работа на училиштето<br>• Записници од Наставнички совет<br>• Интервју со директор<br>• Анкета со ученици<br>• Податоци за организирани предавања и трибини во училиштето<br>• Увид во педагошката евиденција и документација( за систематски и стоматолошки<br>• здравствени прегледи на учениците)<br>• Записници од надлежни органи за контрола на хигиената и здравјето на учениците |

- Увид во училишниот простор
- Записници од работата на Црвениот крст
- Извештај од воспитно-образовната работа на училиштето
- Куќниот ред на училиштето
- Правилник за организација и систематизација на работата и работните места

**Индикатор за квалитет: Здрави ученици во здрава училишна средина**

**4.2 Здравје**

- Хигиена и заштита од болести
- Грижа за учениците со здравствени проблеми
- Вклучени се и одредени еколошки содржини поврзани со спроведувањето на точките
- На акција кои се однесуваат на здравјето согласно со воспоставените еко-стандарди (ЕКО-стандардот III-одржување на зградата и здрава средина во училиштето.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Во училиштето хигиената е на високо ниво.Тоалетите за учениците и наставниците се чисти и дезинфицирани и обезбедени со течен тоалетен сапун во секое време во текотна денот(се работи во една смена од 07.30.часот до 13.30 часот). Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена.
- На секој одмор се чистат ходниците, скалите и училишните тоалети. Подот и мебелот во училниците се чистат по завршувањето на смената за наредниот ден.
- Се води сметка и за хигиената во училишниот двор и поставени се корпи за отпадоциво дворот, ходниците и во секоја училница-кабинет.Училиштето се грижи учениците да ги фрлаат отпадоците во корпите,но се случува мал број ученици да не ги почитуваат овие правила.
- Во училиштето се истакнати упатства за одржување наздрава животна средина-промовирање на здрав начин на живот.
- Во училишниот двор нема доволно зелени површини и е потребно негово уредување.
- Во согласност со ЕКО стандардот III –одржување на зградата и здрава средина во училиштето се превземаат следните активности како точки на акција кои се однесуваат на здравјето на учениците: бојадисување на зидовите во сите кабинети и ходници со еколошки бои; чистење на кабинетите, ходниците, санитарните јазли и спортската сала со нетоксични и еколошки средства.
- Училиштето континуирано води грижа за здравјето на сите ученици а тоа го покажуваат резултатите од спроведената анкета на учениците при што е констатирано дека не постои никаква дискриминација помеѓу нив по било која основа.
- Во согласност со законските прописи учениците од прва и четврта година на почетокот од учебната година се упатуваат на општ систематски и стоматолошки преглед.
- За учениците од прва година организирано предавање за болеста-туберкулоза.
- Предавањето го реализираа ученици од нашето училиште кои се волонтери во ЦК, а тоа е дел од програмата за врсничка едукација.Во нашето училиште се

одржа и обука за сите заинтересирани ученици од средните училишта во градот како дел од проектот „Црвениот крст во акција-промоција на хумани вредности’’(ЦКА-ПХВ). Обучувачи беа волонтери од ЦК од Велес и Скопје.Организирано предавање за учениците од прва до четврта година на тема „Болести на зависност-наркоманија’’од страна на ОО Црвен крст Велес кое го одржа др Мартин Хаџи Наумов.

- Одржано едукативно предавање на тема „ Што ако беше и ти ХИВ позитивен’’ со присуство на ученици од прва година заедно со психологот со што е одбележана неделата посветена на борбата против сидата и ХИВ инфекцијата.
- Одржана едукација на учениците од прва до трета година на тема „ Полово преносливи заболувања ’’ реализирана од страна на стручни лица од Центарот за јавно здравје-Велес.
- Училиштето секогаш им помага на учениците што имаат здравствени проблеми при учењето полесно да ги совладаат пропуштените работи.
- Училиштето има договорени процедури за грижа за учениците кои заради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од
- редовната настава. Тие се спроведуваат на иницијатива на класен раководител, предметен наставник, во соработка со родителите или одредени институции (центри за социјална грижа,здравствени установи и др.).

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Хигиената во училишната зграда и училишниот двор е на високо ниво<br>• Се врши редовно информирање на учениците за појавата на некои болести и<br>• заштитата од нив<br>• Се води грижа за здравјето на сите ученици и не постои никаква дискриминација<br>• помеѓу нив<br>• Учениците редовно се упатуваат на систематски и стоматолошки прегледи<br>• Секогаш им се помага на учениците што имаат здравствени проблеми<br>• Редовно се организираат и реализираат предавања и трибини од страна на стручни лица( лекари )<br>• Одлична соработка со организацијата на Црвениот крст |
| **Слаби страни - слабости**<br>• Недоволно зелени површини во училишниот двор<br>• Недостиг од хигиенски и културни навики кај мал број на ученици<br>• Нема програма за превенција од заразни болести |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• *Уредување на училишниот двор со зелени површини*<br>• *Училиштето да посвети поголемо внимание на учениците со недоволно изградени хигиенски и културни навики*<br>• *Да ја зголеми превенцијата од заразни болести кај одредени ученици* |

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

| Кои се извори и документи за увид |
| --- |
| - Родителски средби<br>- Совет на родители<br>- Училишен одбор<br>- Индивидуални средби на родители со наставници,стручната служба<br>- Анкета со ученици<br>- Анкета со родители<br>- Интервју со директор<br>- Интервју со стручен соработник |

Индикатор за квалитет: : број на ученици кои отвориле сопствен бизнис,завршени ученици со високо образование

### 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

- давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование,доусовршување или вработување
- грижа за учениците со емоционални потешкотии

### Заклучоци од SWOT анализите

- Давање помош при избор на занимање/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување

  Според спроведеното интервју со директорот и стручниот соработник констатирано е дека во училиштето :
- На нашите ученици им се даваат тестови за професионална ориентација од страна на педагошката служба,конкурси за стипендии
- Учениците изработуваат бизнис,маркетинг планови,интервју за работа,биографии со кои учествуваат и се натпреваруваат со свои соученици на Масум, каде практично ги презентираат своите знаења и се спремаат за своето идно вработување
- Дел од учениците се вклучени во СПИН програмата (практична работа во реални фирми)
- Училиштето организира посета на образовниот саем на презентации на сите факултети во Скопје
- Имаме посета во училиштето од страна на високообразовните институции секоја година, заради давање на точни,јасни и најнови информации за можностите за понатамошно образование на нашите ученици.
- Грижа за учениците со емоционални потешкотии

  Од резултатите на спроведената анкета во која беа опфатени 22 ученици од четврта година и спроведеното интервју со стручниот соработник се согледува следново:
- Класниот раководител и психологот им помагаат и ги советуваат учениците и родителите во вакви ситуации

- Пропишани процедури од стручната служба за навремено откривање и грижа за ученици со емоционални проблем
- Добра соработка со релевантните институции
- Учениците прво разговараат со класниот раководител за својот проблем и бараат совет од него, а потоа се советуваат и со стручната служба.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• добро организирана практична работа<br>• одлична соработка меѓу педагошката служба, учениците, родителите, наставниците и релевантните институции<br>• уредно и постојано водење на евиденцијата и достапност до неа |
| **Слаби страни – слабости**<br>• недоволна стручна спремност на наставниците за ученици со посебни потреби |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• *обука на наставниците од страна на релевантни институции за одредени проблеми на учениците со посебни потреби* |

**4.4 Следење на напредокот**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| - родителски средби<br>- совет на родители<br>- училишен одбор<br>- индивидуални средби на родители со наставници,стручната служба |

Индикатор за квалитет: учество на натпревари и освојување на награди, зголемен број на петки по одделни предмети по паралелки

**4.4 Следење на напредокот**

- водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците
- анализа на напредокот на учениците по паралелки

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигањата,редовноста и поведението на секој ученик.Во евиденцијата се внесени податоци за напредокот на ученикот што се добиени како резултат на проценка направена од страна на наставниците во соработка со стручната служба и родителите на ученикот.
- Училиштето има изградено систем на континуирано известување на родителите за напредокот и постигањата на учениците преку редовни и вонредни родителски средби, преку индивидуални консултации со предметните наставници и класните раководители, преку индивидуални средби со стручната служба, со редовно доставување на педагошката евиденција, преку известувања на родителите доставени по пошта, водење на евидентни листови и листови за оценки по класификациони периоди, преку информирање на членовите на Советот на

родителите, преку информирање на членовите на Училишен одбор од редот на родителите.

- Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците и истите ги анализираат на класните заедници, Советот на паралелката, родителските средби.
- Изготвените извештаи и анализи по паралелки се доставуваат на увид на стручната служба, раководниот кадар и другите наставници за да може заеднички да се дефинираат активности за подобрување на воспитно-образовниот процес користејќи ги притоа укажувањата, сугестиите и предлозите од родителите, учениците, членовите на училишниот одбор, Советот на родители.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• уредно и континуирано водење на евиденцијата<br>• достапност до неа во секое време |
| **Слаби страни – слабости**<br>• недоволно посветено внимание на талентираните ученици |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Училиштето да посвети поголемо внимание на талентираните ученици( поголема индивидуална работа со нив, следење на нивниот напредок,поголема мотивација со доделување на одредени награди)***<br>• ***Да се наградат паралелките со најдобар успех и најмал број неоправдани изостаноци на ниво на училиште.*** |

**Оцена:** Приоритет кој произлегува од ова подрачје е: Зголемување на соработката со институциите и локалната самоуправа за спречување на младите лица да користат алкохол и наркотични средства. Координативниот тим вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **многу добар успех.**

# Подрачје бр 5: Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

| **Кои се извори и документи за увид** |
| --- |
| – Кодекс на однесување<br>– Анкетни прашалници со наставници<br>– Анкетни прашалници со ученици<br>– Интервју со директор<br>– Интервју со стручен соработник<br>– Записници од активности на еко-патроли<br>– Педагошка евиденција и документација |

**Индикатор за квалитет:** Воспоставена позитивна клима за работа во училиштето

**5.1 Училишна клима и односи во училиштето**

- Во училиштето се води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот;
- Во колективот има атмосфера на одлична деловна комуникација и континуирана професионална соработка; Наставниците меѓусебно се почитуваат, се поддржуваат и си помагаат во работењето; Врз основа на спроведената анкета со наставниците може да се заклучи дека тие во текот на работниот ден се чувствуваат почитувани од колегите, дека добиваат помош од колегите кога истата им е потребна и сметаат дека атмосферата во колективот е пријатна;
- Според спроведената анкета со наставниците може да се заклучи дека тие секогаш учествуваат во донесување на важни одлуки за училиштето и наставничкиот колектив смета дека директорот и стручната служба им пружаат поддршка на наставниците секогаш кога има потреба за тоа;
- Во училиштето постои Кодекс на однесување кој го почитуваат учениците и сите вработени во училиштето. Истиот е поставен во сите училници и е постојано на увид на учениците, но и на наставниците, родителите и останатите посетители;
- Класните раководители, како и сите предметни наставници, редовно се грижат за поведението на учениците, за одржување на ред и дисциплина во училиштето, за време на часовите и за време на одморите;
- За време на одморите во сите ходници на училиштето има дежурни наставници; Дежурството на наставниците е организирано според однапред изработен план за дежурства и истиот е поставен на огласна табла во канцеларија на наставниците;
- Психологот во училиштето одржува редовно советување на родители на ученици кои имаат голем број изостаноци и слаб успех;
- Во училиштето генерално постои позитивна клима за работа;
- Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Во училиштето успешно функционира и физичко обезбедување со цел безбедноста на учениците континуирано да биде на високо ниво;

- Според спроведената анкета, најголем дел од учениците сметаат дека наставниците ги мотивираат да стекнуваат нови знаења и исто така, сметаат дека односот на наставниците кон нив е коректен и професионален;
- Учениците слободно го изразуваат своето мислење и учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми кои се од нивни интерес;
- Во училиштето функционира демократски формирана ученичка заедница;
- Во училиштето се води грижа за развој на мултикултуризам и соживот на етнички различни ученици;
- Учениците се активно вклучени во еко-патролите и во еко- одборот на училиштето;
- За секоја еколошка активност која се спроведува во училиштето, претходно се оформува еко - патрола која се грижи за успешно реализирање на акцијата;
- Реализација на точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард
- Реализација на седмиот чекор од еколошката програма (Донесување на еко-кодекс)
- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки како активни учесници во реализација на седумте чекори и точките на акција од еко-стандардите (еко-секција, еко-патроли и еко-одбор)
- Изработен е Еко – кодекс и истиот е поставен во холот на училишната зграда и видлив за сите посетители;
- Паноа со Еко – кодекс се поставени во неколку училници во училиштето;

**Заклучоци од SWOT анализата**

- Наставниците да го зголемат својот авторитет пред учениците поставувајќи се како позитивни модели за идентификација на учениците;
- Наставниците да се обидат уште подобро да ги планираат и реализираат своите часови се со цел да ја зголемат заинтересираноста на учениците за време на часот и да ги мотивираат активно да се вклучат во работата на часот;
- Наставниците да изградат построг став и однос кон учениците со цел да се подобри работната атмосфера за време на часовите;
- Наставниците да ја подобрат дисциплината за време на своите часови и континуирано да се грижат за редот во училиштето;
- Наставниците да ја поттикнуваат свеста кај учениците за поголемо меѓусебно почитување и поддржување;
- Во прва година да се запишуваат ученици со подобар успех за да не се наруши угледот на училиштето;
- Наставничкиот колектив, стручната служба и директорот на училиштето да превземат конкретни мерки против одредени ученици во момент кога истите ќе го прекршат кодексот на однесување во училиштето, го рушат редот и дисциплината и влијаат негативно врз угледот на училиштето;
- Да се изработи напишана процедура за реагирање во случај на прекршување на препораките во Кодексот на однесување;

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Учениците слободно го изразуваат своето мислење и учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми<br>• Учениците се вклучени во еко-патролите и во еко-одборот<br>• Учениците се чувствуваат безбедно и пријатно во училиштето<br>• Во училиштето постои кодекс на однесување, кој е закачен во сите училници и кој се почитува<br>• Во училиштето постои Еко- кодекс<br>• Во колективот, помеѓу наставниците постои атмосфера на одлична комуникација и професионална соработка<br>• Наставничкиот колектив учествува во донесувањето на сите важни одлуки за училиштето<br>• Директорот и стручната служба ги поддржуваат наставниците секогаш кога има потреба од помош<br>• Родителите сметаат дека училиштето на нивните деца е безбедно и тие се задоволни од односот на наставниците кон нив, како и од односот на вработените во стручната служба кон нив. |
| **Слаби страни - слабости**<br>• Редот и дисциплината за време на часовите делумно ги задоволува очекувањата на наставниците и очекувањата на учениците;<br>• Поедини ученици го попречуваат квалитетното спроведување на настава на поедини часови; |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Да се подобри редот и дисциплината за време на часовите***<br>• ***Наставниците да изградат построг и професионален однос кон учениците, а воедно да се поставаат и како позитивен пример за учениците***<br>• ***Преку својот авторитет, наставниците повеќе да ги мотивираат учениците за стекнување на нови знаења***<br>• ***Запишување на ученици во прва година со подобар успех, со што ќе се овозможи и полесна реализација на претходната точка, а и ќе се зачува и подобри угледот на училиштето***<br>• ***Да се превземат конкретни мерки против ученици кои не ги почитуваат правилата за однесување во училиштето*** |

**5.2 Промовирање на постигањата**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Годишна програма за работа<br>– Правилник за изрекување пофалби, доделување на дипломи и на награди на ученици во училиштето<br>– Медиумско промовирање, веб страната на училиштето, facebook профил на училиштето<br>– Интервју со Директор<br>– Интервју со стручен соработник<br>– Извештаи од работата на училиштето |

**Индикатор за квалитет:** Избор на најдобар ученик на година и најдобар ученик на училиште

**5.2 Промовирање на постигањата**

- Постигнувањата на учениците и вработените во училиштето редовно се промовираат, преку истакнување на постигнатите резултати на официјалната веб страна и на facebook профилот на училиштето;
- Личните постигања на учениците се промовираат и преку известувања по училници, на Наставнички совет, на огласна табла и во Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето;
- Постигањата на вработените во училиштето се промовираат на Наставнички совет и во Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето;
- Постигнувањата на училиштето се промовираат медиумски, се промовираат на веб страната на училиштето и Извештаите за воспитно – образовната работа на училиштето;

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Согласно Правилникот за изрекување пофалби, доделување награди и доделување на дипломи на учениците во училиштето, на крајот на секоја учебната година се избира најдобар ученик на година, и најдобар ученик на ниво на училиште;
- Медиумски се промовира работата на училиштето;
- Во училиштето не постои пишан гласник каде ќе бидат промовирани постигањата на учениците;
- Како можност постои изработка на пано на крај на секоја учебна година на кое ќе бидат истакнати сите постигања на учениците и наставниците во тековната година и кое ќе биде со слики и текст и поставено во главниот хол;
- Демотивирање на учениците и наставниците доколку недоволно се вреднува нивниот труд.

**Јаки страни**

- Имаме изработен интерен правилник за наградување и пофалување на учениците
- Се избира и се наградува најдобар ученик на година, на крајот на учебната година, како и најдобар ученик на ниво на училиште
- Постигањата на учениците се промовираат преку известувања по училници и на наставнички совет, на огласна табла и во извештаите на тромесечие, полугодие и крај на учебна година, а на наставниците на наставнички совет и во извештаите
- Постигнувањата на учениците и наставниците се промовирани и на официјалната веб страна и на facebook профилот на училиштето
- Медиумски редовно ги промовираме постигнувањата на училиштето и сите активности кои се реализираат во училиштето
- Во текот на изминатата учебна година и во текот на оваа учебна година, беа изработени голем број на хамери со еколошка содржина, по различни предмети, и истите се поставени во училниците и во училишните холови
- Активностите на нашето еко-училиште ги истакнуваме на нашата еко веб страна;

**Слаби страни - слабости**

- Во училиштето нема пишан гласник каде ќе бидат промовирани постигањата на учениците
- Поширoката заедница е информирана за нашите еко активности, но не е активно вклучена во еколошките активности кои се спроведуваат во нашето училиште

**ПРИОРИТЕТИ**

- ***Изработка на пано на крај на секоја учебна година на кое ќе бидат истакнати сите постигања на учениците и професорите во тековната година и кое ќе биде со слики и текст и поставено во главниот хол***
- ***Организирање на отворени “Денови на еколошка акција”***
- ***Редовно ажурирање на еколошката веб страна со цел да се одржи континуитет во промовирање на постигнувањата поврзани со екологија***

## 5.3 Еднаквост и правичност

| Кои се извори и документи за увид |
| --- |
| – Анкетни прашалници за ученици<br>– Интервју со стручен соработник<br>– Документ за заштита на детски права |

**Индикатор за квалитет:** Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, кога се работи за активностите на часот, како и за активностите надвор од редовните часови.

**5.3 Еднаквост и правичност**

- Наставниците се запознаени со правата на децата, односно правата на учениците и ги почитуваат истите;
- Во секоја училница постои истакнат документ за детските права;
- Во училиштето се води политика за еднаков и правичен пристап кон сите ученици;
- Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето; За уште поуспешно продолжување на ваквата политика, нашето училиште е збратимено со училиштето „Ибрахим Темо“ од Струга;

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Организирање на наставни и вонннаставни активности за обезбедување на меѓуетничка соработка на учениците и вработените
- Разговор на состаноци на активи и на наставнички совет за начинот на кој ги оценуваме учениците и впечатокот што наставниците го оставаат кај учениците

| **Јаки страни** |
| --- |
| • Во секоја училница постои истакнат документ за детските права<br>• Наставниците ги почитуваат правата на учениците<br>• Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето; |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Учениците имаат забелешка дека постојат ученици кои не ја посетуваат редовно наставата и не учат доволно, а ја завршуваат годината |
| **ПРИОРИТЕТИ** |
| • ***Да се работи на подобрување на механизмите за еднаквост и правичност во наградување и казнување на сите ученици***<br>• ***Организирање на наставни и воннаставни активности за негување и продлабочување на меѓуетничка соработка на учениците и вработените*** |

## 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Анкета за родители,<br>– Интервју со одговорен наставник за СПИН програма (стекнување на професионално искуство под надзор) Елица Илиевска,<br>– Интервју со наставници по предмет практична настава,<br>– Интервју со директор и<br>– Интервју со стручен соработник,<br>– Извештаите на училиштето во кои се заведени сите активности спроведени со локалната и деловна заедница,<br>– Записници од совет на родители<br>– Записници од родителски средби и Совет на родители |

**Индикатор за квалитет:** Училиштето остварува квалитетна соработка со деловната заедница преку добро организирана практична настава и има изградено сериозен партнерски однос со родителите преку редовно одржување на родителски средби, индивидуални средби помеѓу родители и наставници и максимална вклученост на Советот на родители при донесување на сите важни одлуки за прашања од интерес на учениците;

### 5.4 Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница

- Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма- еко-одбор;
- Училиштето во своите органи на управување и стручни тела, вклучува и претставници од родителите со што тие се вклучуваат во образованието на своите деца и во работата на училиштето;
- Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор и во него влегуваат три претставника на родителите;
- Советот на родители е стручно тело во училиштето кое го сочинуваат претставници од родителите на учениците;
- Советот на родители го разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците и дава мислење за нивно подобрување;
- Училишниот одбор го разгледува успехот, поведението и редовноста на учениците во текот на наставната година, се грижи за обезбедување средства за осовременување на наставата и разгледува прашања за остварување на воспитно - образовната работа.Училиштето со родителите комуницира редовно преку родителски и индивидуални средби;
- Претставници од родителите се вклучени и во еко-одборот во училиштето;
- Во Училишниот одбор, кој е орган на управување во училиштето, како членови покрај родителите и наставниците влегуваат и тројца претставници од основачот општината, еден претставник од Министерството и еден претставник од деловната заедница. Преку овие претставници се остварува влијанието на локалната власт во работата на училиштето и обратно;
- Училиштето спроведува акции од хуманитарен карактер во соработка со Црвениот крст и со локалните невладини организации;

- Ученици од училиштето учествуваат во акции од еколошки карактер (пошумување и озеленување на градот и околината) кои ги организира локалната заедница;
- Соработката на училиштето со деловната заедница е на високо ниво и тоа се согледува од активното функционирање на СПИН програмата, односно стекнување на професионално искуство под надзор. Со помош на оваа програма, нашите ученици имаат можност да посетуваат практична обука во 35 фирми, соработници на училиштето;
- На редовните часеви по практична настава, со соодветните предметни наставници, учениците редовно посетуваат различни фирми во градот и добиваат можност да се запознаат со работата на тие фирми и да поразговараат со нивни претставници;
- Часевите по практична настава се посетени од претставници на деловната заедница кои на учениците им одржуваат предавања и им пренесуваат искуства од нивното реално работење; Примери за ваков вид на соработка се предавања одржани од претставници од реномирани банки во градот, како и претставници од приватните фирми;

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Според направената SWOT анализа за подподрачјето “Партнерски однос со родителите, со локалната и деловната заедница”, дојдовме до заклучок дека наши силни страни се: Реалниот и квалитетно изграден партнерски однос со родителите во секоја смисла на зборот- комуникација на индивидуални средби, на родителски средби, на советување со психологот на училиштето, преку вклученост во Совет на родители и Училишен одбор, потоа активната соработка со локалната заедница (максимална вклученост на училиштето во сите активности организирани од локалната заедница вклучувајќи ги тука и еколошките активности како посадување на дрвца, собирање на хартија и слично) и се разбира како наша силна страна можеме гордо да ја истакнеме соработката на училиштето со деловната заедница (преку СПИН програмата и практичната настава, а и поддршката што ја добиваме при учество на саеми во земјата и странство). Исто така, училиштето има воспоставено и квалитетна соработка со реномирани банки во општината што овозможува зголемен квалитет на спроведување на наставната програма од профилот Банкарски техничар. Учениците имаат можност да ги посетат банките и директно да се запознаат со начинот на нивното работење;
- Слаба соработка со родители на деца од дисфункционални семејства. Сите родители немаат подеднаква можност да бидат информирани по електронски пат, преку е-дневник за успех на нивните деца бидејќи не се обучени да користат компјутери и немаат е-маил;
- Сите фирмите не се еднакво мотивирани за соработка и за прием на ученици;
- Да се организира обука за родители на кои им е потребна помош за отварање е-маил и негова употреба со цел да црпат информации од е- дневник;
- Фирмите да добијат лиценци од државата за примање на ученици на пракса со што би биле обврзани да ги примат тие ученици, но и ќе добијат привилегии за тоа (како пример финансиска надокнада), а со тоа ќе се зголеми и мотивираноста за соработка;
- Губење на интерес за соработка од страна на некои родители поради економски и социјални проблеми;
- Прекинување на соработка од некои фирми заради моменталната тешка состојба во регионот и светот и нивни потешкотии во работата, а притоа немање доволно време да обрнат на учениците;

| **Јаки страни** |
|---|
| • Наставниците во училиштето се секогаш отворени за соработка со родители<br>• Родителите се секогаш и навремено информирани за случувањата во училиштето<br>• Родителите се вклучени во процесот на донесување одлуки во училиштето<br>• Организирање на работилници од страна на психологот во училиштето за советување на родители на ученици со слаб успех и нередовност<br>• Соработката со деловната заедница е на високо ниво, наши ученици посетуваат практична настава во 35 фирми во градот и надвор од него<br>• Имаме одлична соработка со локалната заедница (соработка со невладин сектор, црвен крст, Општина Велес) и учествуваме во сите проекти во интерес на заедницата;<br>• Нашето училиште е активно вклучено во сите еко-активности кои се организираат од страна на локалната заедница (Ден на дрво, собирање на хартија итн.);<br>• Родителите се вклучени и во Еко- одборот на нашето училиште; |
| **Слаби страни - слабости**<br>• Потешка соработка со родители на деца од дисфункционални семејства;<br>• Сите родители немаат можност да бидат информирани по електронски пат, преку е-дневник за успех на нивните деца бидејќи не се обучени да користат компјутери и немаат е-маил;<br>• Не се сите фирми доволно мотивирани, немаат доволно просторни можности за прием на ученици бидејќи некои од нив се мали фирми; |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Продолжување на одличната соработка со локалната и деловната заедница***<br>• ***Продолжување на соработката со родителите и стремеж уште да се подобрува иако е на високо ниво, и инсистирање на почести средби со родители на деца од дисфункционални семејства***<br>• ***Организирање обука за родители на кои им е потребна помош за отварање е-маил и негова употреба со цел да се црпи информации од е-дневник*** |

Оцена: Приоритет кој произлегува од ова подрачје е: Покачување на стандардите за поставување на ред и дисциплината за време на часовите преку градење на построг и професионален однос од страна на наставниците кон учениците и превземање на конкретни казнени мерки против оние ученици кои не ги почитуваат правилата за однесување во училиштето; изработка на пано на крај на секоја учебна година за промовирања на постигањата на учениците и наставниците, како и продолжување на одличната соработка со родителите, локалната и деловната заедница. Координативниот тим вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **многу добар успех.**

## Подрачје бр.6: Ресурси

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

| Кои се извори и документи за увид |
|---|
| – Развоен план на училиштето<br>– Пописни листи<br>– Извештај за воспитно-образовната работа<br>– Годишна програма за работа на училиштето<br>– Записници од просветна и санитарна инспекција<br>– Распоред на часови |

**Индикатор за квалитет:** Саниран објект и нова спортска сала, уредена дворна површина

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

- Училиштето е лоцирано во централното градско подрачје.
- Наставата се реализира во една смена во посебно опремени и уредени кабинети.
- Училиштето располага со мала спортска сала и спортски терени.
- Училишниот простор во кој се изведуваат наставните и воннаставни активности во најголем дел ги исполнува предвидените стандарди за работа (вклучувајќи ги и еко-стандардите).
- Капацитетот со кој располага училиштето се користи рационално и економично
- Проблем претставува неефикасниот систем за затоплување (поради нецелосната замена на старите дотраени прозорци и врати), дотраеност на фасадата и старите азбестни табли со кои е покриена училишната зграда (кои се вон еко – стандардите за здрава животна средина)
- Сепак и покрај постоечките недостатоци училиштето нуди пријатни услови за реализација на планираните наставни и воннаставни активности.

### Заклучоци од SWOT анализите

- Работењето во една смена овозможува поголема компактност и рационалност во искористеноста на расположливите капацитети
- Дотраеноста на фасадата, прозорците, вратите и подните површини оневозможуваат целосно затоплување на просторот, додека азбестните табли на кровот се опасност по здравјето на учениците и вработените, а малата спортска сала оневозможува поголема функционалност и поквалитетна настава.
- Вклучување во проекти и добивање на финансиска поддршка за санирање на дотраените врати и прозорци, замена на кровот и проширување на спортска сала
- Постои недоволна заинтересираност и поддршка на надлежните институциите за финансирање на санација на објектот и негово проширување.

| **Јаки страни** |
|---|
| • Локацијата на училиштето (централно градско подрачје)<br>• Максимална искористеност на просторните капацитети во училиштето при работа во една смена (и заштеда на ел. енергија и топлина)<br>• Опремена библиотека<br>• Учество во проекти |
| **Слаби страни - слабости** |
| • Дотраени прозорци и врати<br>• Дотраена фасада<br>• Несоодветен кров<br>• Мала спортска сала<br>• Неуредена дворна површина |
| **ПРИОРИТЕТИ** |
| • ***Замена на дотраените прозорци, врати, подни површини, кровот и фасадата, како и проширување на спортската сала и уредување на дворната површина*** |

### 6.2 Наставни средства и материјали

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Пописни акти на училиштето<br>– Евиденција на библиотеката<br>– Интервју со одговорното лице за библиотеката<br>– Разговор со ученици и наставници<br>– План за развој на училиштето<br>– Годишна програма за воспитно образовната работа на училиштето<br>– Годишен извештај за воспитно образовната работа на училиштето<br>– Записници од стручни активи |

**Индикатор за квалитет:** Користење на наставни средства и помагала во воспитно – образовниот процес

### 6.2 Наставни средства и материјали

- Училиштето располага со доволен број на соодветни наставни средства и помагала за поголемиот број на предмети согласно со нормативите.
- Постојано се утврдуваат потребите од наставни средства, помагала и материјали и се прават напори за нивно обезбедување според расположливите можности.
- Учениците и наставниците имаат можност да користат современа ИКТ опрема, со што им се овозможува примена на современи наставни методи за пренесување и стекнување на нови знаења и постојан напредок.
- Наставните средства и помагала кои се на располагање во голема мера ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците.
- Недостатоци во овој сегмент се немањето учебници за одредени предмети (но и непостоење на содржини за еколошко образование и заштита на животната средина)
- Нема програмски софтвер за поголемиот број предмети.
- Функционалноста на компјутерите е ограничена поради нивното несоодветно мрежно поврзување, одржување, слабата и непостојана интернет конекција и се поголемите оштетувања на влезните уреди.
- Учениците во соработка со своите наставници изработуваат помошни материјали кои се во функција на наставата и проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскио образовен систем“.
- Училишната библиотека располага со голем број лектирни изданија, енциклопедии, стручна литература, разни прирачници за комуникациски вештини, речници и сл.
- Училишната библиотека не располага со литература од областа на екологијата.
- Големиот библиотечен фонд постојано се надополнува со нови содржини во рамките на можностите.
- Потрошниот материјал кој е неопходен за целосно реализирање на наставните и воннаставни активности постојано се планира согласно планот на училиштето. Повремено се јавуваат одредени финансиски тешкотии, па се неопходни дополнителни напори за нивно надминување.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Училиштето е опремено со наставни средства и помагала со кои може да се реализира предвидената програма на современ начин според интерактивни методи на работа.
- Постои недостиг на програмски софтвер и учебници за дел од предметите.
- Училишната библиотека располага со голем фонд на книги кој постојано се надополнува со нови лектирни изданија, литература од екологијата и стручна литература.
- Обезбедувањето на потребниот потрошен материјал за работа е во зависност од расположливиот буџет на училиштето, кој поради лимитираните финансиски средства, во одредени периоди оневозможува целосно и навремено реализирање на дел од предвидените активности.

| **Јаки страни**<br>• Добра опременост на училиштето со наставни средства и помагала<br>• Богат фонд на лектирни изданија, стручна и друга литература<br>• Постојано збогатување на училиштето со нови наставни средства и помагала согласно можностите на училиштето<br>• Изработка на помошни средства и матријали од страна на учениците со поддршка на наставниците |
|---|
| **Слаби страни - слабости**<br>• Повремен недостиг од финансиски средства<br>• Непостоење на софтвер за наставните предмети<br>• Немање учебници за одредени стручни предмети<br>• Немање литература од областа на еколошкото образование и заштита на животната средина |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>***Обезбедување на поголема финансиска поддршка од надлежните институции и бизнис секторот, обезбедување на дефицитарните учебници и изработка на соодветни софтверски програми за одделни предмети*** |

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Годишна програма за работа<br>– Програма за работа на стручната служба<br>– Досиеја на вработените кај секретар<br>– Портфолио на наставниците<br>– Разговор со директорот<br>– Разговор со наставниците<br>– Увид во правилник за систематизација |

**Индикатор за квалитет:** Афирмацијата на училиштето

**6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

- За реализација на воспитно образовната дејност училиштето има обезбедено соодветен кадар во согласност со пропишаните нормативи.
- Успешноста во извршување на работните задачи во голема мера зависи од ангажирањето на административно-техничкиот персонал, психологот и директорот. Стручниот соработник - психолог е секогаш во тек со сите потреби на наставниот кадар и учениците и е на располагање за давање на стручна помош се со цел за постигнување на повисок квалитет во воспитно – образовниот процес.

- Наставниците кои се основни носители на наставниот процес практикуваат тимска работа, со што се зголемува соработката, успешноста но и одговорноста.
- Оганизацијата на работата и ангажираноста на кадарот во извршување на работните задачи е во надлежност на директорот, но тоа се прави со меѓусебно почитување, консултации и договарање (секогаш во интерес на работата).
- Високо квалитетниот стручен кадар, меѓусебното почитување, доверба и соработка, како и целосната поддршка од психолошката служба и директорот претставуваат цврста основа и голем потенцијал за успешна работа во наредниот период.
- Значаен проблем претставува потребата од зајакнување на педагошко-психолошката служба (недостиг од педагог) и решавање на повремениот проблем со технолошкиот вишок.
- Потребно е ангажирање на педагог, за што е потребна поддршка од надлежните органи.
- Решавањето на технолошкиот вишок кој произлегува од менување на наставните програми треба да биде на достоинствен и безболен начин.
- Еколошката програма во која е вклучено училиштето предвидува ангажирање на сите субјекти во училиштето, секој со свој придонес во својот домен на планираните активности (наставници, ученици, директор, психолог, родители) со безрезервна поддршка на надворешните фактори.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Во училиштето се исполнуваат на законските норми и систематиззацијата на работни места при изборот на наставниот кадар.
- Немањето на педагог во училиштето и појавата на технолошки вишок на наставници поради промени во наставната програма создаваат потешкотии во работењето.
- Оваа ситуација бара распоредување на технолошки вишок на наставници во други училишта .
- Ограничени се финасиски средства на училиштето со што би сеподобриле условите за работа.

| **Јаки страни**<br>• Почитување на законска регулатива при избор на кадарот<br>• Почитување на систематизација за работни места<br>• Високо образовен стручен наставен кадар |
|---|
| **Слаби страни**<br>• Немање на педагог во училиштето<br>• Појава на технолошки вишок |

| **ПРИОРИТЕТИ** |
|---|
| ***Докомплетирање на педагошко – психолошката служба и решавање на технолошки вишок во училиштето*.** |

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Интерни акти<br>– Програма за професионален развој на наставниците<br>– Извештај од самоевалуација<br>– Анкета со наставници<br>– Разговор со стручната служба<br>– Разговор со директорот<br>– Разговор со наставниците<br>– Досиеја за наставниците |

**Индикатор за квалитет:** Обуки за професинален развој

**6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

- Училиштето постојано ги идентификува потребите за професионален развој на наставниците и изработува програма и стратегија за реализација на истото
- За реализација на планираите активности се посетуваат разновидни екстерни обуки, а дел од нив се реализираат преку дисеминација од нашите вработени.
- Изборот на обуките зависи од потребите на системот, но и од тековните потреби на самите вработени.
- Поголемиот број од наставниците секогаш се спремни за прифаќање на квалитетни новини во работата, но и за критички однос кон она што е нефункционално или неприменливо.
- Само мал дел од наставниците имаат одбивност кон новините во својот професионален развој и најчесто прифаќаат само она што е најнеопходно или задолжително.
- Вклученоста во проектот Еко – училиште ќе овозможи подигнување на општата еколошка свест на наставниците и учениците. За таа цел потребно е да се зголеми соработката со еколошките друштва, бизнис секторот и локалната самоуправа.
- Може да се констатира дека училиштето располага со добро обучен наставен кадар, спремен за реализација на современа и квалитетна настава, која постојано се унапредува и ги следи модерните текови и потреби на современото живеење.

**Заклучоци од SWOT анализите**

- Во училиштето постојано се врши професионален развој на наставниците.
- Дел од вработените покажуваат неподготвеност за промени и постојан развој.
- Во добар дел изработка на софтверски програми и обука за нивно користење многу ќе допринесе за зајакнување на квалитетот на воспитно образовната дејност.
- Недостигот од финасиски средства оневозможува целосна реализација на проектот Еко – училиште, како и на идентификуваните потреби за . професионален развој

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Високо квалитетен и посветен наставен кадар<br>• Идентификување на потребите за професионален развој<br>• Вклученост во проекти |
| **Слаби страни -**<br>• Неподготвеност на одредени наставници за професинално напредување<br>• Недоволна обученост за примена на софтвер по одделни предмети во наставата |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Обезбедување на софтверски програми и обука на наставниците за примена на истите во наставата*** |

**6.5 Финансиско работење во училиштето**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Финансиски план на училиштето<br>– Годишна програма за работа<br>– Развоен план<br>– Финансиска документација на училиштето<br>– Записници и Одлуки од УО<br>– Записници од тендери и склучени договори<br>– Разговор со директорот<br>– Разговор со наставниците |

**Индикатор за квалитет:** Транспарентност и законитост во финансиското работење

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

- Финансиското работење на училиштето се реализира врз основа на целосно почитување на законските прописи.
- Училиштето се соочува со постојан недостиг од финансиски средства за целосно покривање на материјалните трошоци во работењето.
- Секоја година се изготвува финансиски план на училиштето во што се вклучени надлежните органи на училиштето, но и самите наставници преку стручните активи
- На почетокот на секоја учебна година се утврдуваат потребите од материјални средства и истите се вградуваат во финансискиот план, кој го одобрува Советот на општината.
- Директорот на училиштето и останатиот персонал кој е вклучен во финансиските активности редовно посетуваат обуки и семинари со цел ажурно и навремено следење и примена на сите промени и новини во сферата на финансиското работење.
- Редовно се обезбедуваат сите потребни обрасци, книги, Службен весник и други документи неопходни за следење на законските промени.
- Еден вработен од училиштето е сертифициран со Лиценца за јавни набавки.
- За реализација на јавните набавки постојат пишани акти со кои се оределени начинот и постапката за спроведување,при што се врши перманентно евидентирање и составување на ранг листа на понудувачи.
- Секоја година во февруари Училишниот одбор врши проверка на Завршната сметка за изминатата година и истата ја предлага за усвојување кај основачот - општината.
- Со одлука на Училишниот одбор се усвојува извештајот на комисијата за попис.
- За финансиски активности кои се од поголем обем (набавка или отуѓување) се донесува одлука од Училишниот одбор.
- Завршната сметка им е достапна и на родителите преку нивните претставници во Училишниот одбор кои се членови и на Советот на родители.
- Годишниот буџет со кој располага училиштето е недоволен за целосна реализација на предвидените активности, но со голема економичност и рационалност во трошењето и со активно залагање на сите вработени се овозможува континуитет во наставниот процес и постојан напредок. Притоа се настојува и реализација на предвидените еко – активности и исполнување на предвидените еко стандарди.

### Заклучоцит од SWOT анализите

- Во финансиското работење на училиштето постои максимално почитување на законската регулатива
- Постои транспарентност во трошење на буџетот.
- Постојаниот недостиг од финансиски средства налага максимални напори за нивно обезбедување по пат на спонзорства.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Целосно почитување на законската регулатива<br>• Правилно менаџирање на финасиските ресурси<br>• Партнерски однос на менаџерскиот тим со вработените<br>• Транспарентност во трошење на буџетот |
| **Слаби страни –**<br>• Постојан недостиг од финансиски средства<br>• Недоволна заинтересираност и поддршла од бизнис заедницата |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>***Обезбедување Поголема финансиска поддршка од надлежните органи и бизнис заедницата*** |

**Оцена**: Приоритет кој произлегува од ова подрачје е Обезбедување на поголема финансиска и друга поддршка од надлежните органи и институции, како и бизнис заедницата за да може училиштето да достигне повисоки современи стандарди за настава и вонннаставни активности. Координативниот тим кој е вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **добар успех**.

# Подрачје бр.7: Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување и раководење со училиштето

| Кои се извори и документи за увид |
| --- |
| – Статутот на УО<br>– Записници од состаноци на УО<br>(во просек по 15 состанока за една учебна година)<br>– Одлуки од УО<br>– Деловник за работа на УО<br>– Програма за работа на директорот<br>– Интервју со директорот<br>– Анкети со родители на учениците<br>– Анкети со учениците од училиштето<br>– Анкети со наставниците од училиштето<br>– План на активности од еколошката програма<br>– Извештај за реализирани активности од програмата за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“2013-2014<br>– Програма за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ 2014- 2015 |

**Индикатор за квалитет:** ***Задоволни наставници, ученици и родители***

**7.1 Управување и раководење со училиштето**

- Училишниот Одбор е конституиран и функционира согласно законската регулатива и Статутот на училиштето;
- УО функционира согласно Деловникот за работа на УО каде е пропишана структурата на УО, начинот на неговото функционирање и начинот на информирање на другите носители на воспитно – образовниот процес со одлуките на УО;
- Училишниот Одбор има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето
- Раководниот орган знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата пракса што постои во училиштето како и вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет;
- Раководниот орган има јасна визија за потребите на училиштето и успешно раководи со материјалните и човечките ресурси во училиштето

- Раководниот орган континуирано ги следи и ги имплементира промените во воспитно образовниот систем
- Се врши континуирано следење, реализирање и контрола на методологијата на седум чекори од еколошката програма

## *Заклучоци од SWOT анализите -анкетите :*

- Раководниот орган на училиштето и Училишниот одбор даваат поддршка за вклучување на училиштето во различни и тековни проекти
- Ниска мотивација кај учениците во однос на наставата и потреба од системски промени во образовниот систем
- Слабата мотивација кај дел од вработените за прифаќање на промени и за тимска работа;
- Пасивен однос на дел од родителите кон активностите на училиштето
- Позитивно мислење на учениците за раководниот тим на училиштето
- Недостиг на финансиски средства за професионален развој и стручно усовршување на вработените;

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Училиштето при работењето и донесувањето на одлуките се раководи според Статутот на училиштето<br>• Училишниот Одбор функционира согласно Законот за средно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа<br>• Партнерски однос на Училишниот Одбор со Раководниот орган на училиштето<br>• Правилно и квалитетно менаџирање на финансиските и материјалните ресурси<br>• Транспарентност во работењето на раководниот орган и Училишниот одбор<br>• Добра соработка, како посебно со секој наставник, така и со одделните стручни активи<br>• Училиштето има воспоставено одлична соработка со локалната самоуправа,локалните медиуми и бизнис заедницата<br>• Позитивно мислење на учениците за работењето на раководниот тим<br>• Раководниот тим дава поддршка на спроведувањето на методологијата на седумте чекори од еколошката програма |
| **Слаби страни – слабости**<br>• Мала мотивираност кај одредени вработени;<br>• Слаб интерес на родителите за процесот на одлучувањето |

| |
|---|
| • Мало подобрување на дисциплината и редовноста на учениците<br>• Подобрување на соработката на раководниот тим со родителите<br>• Мала заинтересираност на учениците во учество на акции за собирање на стара хартија или пластични шишиња |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Поттикнување на наставниците, а преку нив и постигнувањата на учениците и афирмирањето на училиштето;***<br>• ***Креирање на активности заради успешна промоција и презентација на училиштето како и поттикнување на позитивниот став на учениците кон училиштето;***<br>• ***Креирање на активности заради зголемување на соработката на наставниците, раководниот тим со родителите ,но и помеѓу самите родители;*** |

**7.2 Цели и креирање на училишната политика**

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| • Записници од Наставнички Совет;<br>• Записници од одржани седници на Училишен Одбор;<br>• Записници од совет на родители, родителски средби;<br>• Дневници за работа на паралелките;<br>• Правилници за работа на УО и СР<br>• Интервју со директорот<br>• Анкети со наставници, ученици и родители<br>• Извештај за реализирани активности од програмата за **„**Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“2013-2014<br>• Програма за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ 2014-2015 |

**Индикатор за квалитет:** ***Јасно поставени и реализирани цели***

### 7.2 Цели и креирање на училишната политика

- Во училиштето постои формирање на јасни и соодветни цели кои се фокусирани кон подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно образовниот процес.
- Раководниот тим со другите субјекти во училиштето се консултира преку Наставничкиот совет, Советите на години, и со поединечни консултации
- Учениците информациите ги добиваат преку класните раководители, огласната табла и Web порталот на училиштето
- **Во училиштето нема правилник за дисциплински мерки на вработените**
- Има куќен ред на училиштето; кодекс на однесување на наставници на ученици и на училиштето
- Училишната политика ја креираат: директорот, Училишниот Одбор, Стручниот актив, Советот на родители, наставниот кадар.
- Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите на училиштето
- Сите структури се соодветно информирани за таквата политика преку соодветните структури ( Наставнички Совет, Ученичка заедница, Совет на родители)
- -Планот на активности од еколошката програма се темели на јасно поставени цели за реализација на еколошкото образование и заштитата на животната средина при креирање на училишната политика

***Заклучоци од SWOT анализите -анкетите :***

- Подобрување на информираноста на родителите за училишната политика
- Мал интерес на родителите во креирање на училишната политика
- Усовршување на наставните програми заради зголемување на нивната атрактивност и директна поврзаност на струката со производните и трговските капацитети на локално и регионално ниво

**Јаки страни**

- Јасно и прецизно поставени цели во согласност со потребите на училиштето
- Сите вработени активно учествуваат во креирањето на стратегиите за остварување на целите на училиштето
- Јасно поставени развојни цели во кои се вклучени вработените, учениците и родителите
- Јасно поставени цели за реализација на Планот на активности од еколошката програма
- Активна улога на советот на родители
- Квалитетно изработена Програма и реализирани активности за ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ -интегрирано планирање во наставата

| **Слаби страни – слабости** |
|---|
| • Мала улога на средношколската заедница во креирањето на училишната политика и целите<br>• Зголемување на информираноста на родителите за училишната политика<br>• Мал интерес на родителите при креирањето на политиката и целите на училиштето<br>• Мала вклученост на учениците во креирањето на училишната политика<br>• Поголемо информирање на учениците за училишната политика<br>• Недостиг на финансиски средства за реализација на активности од Еко програмата |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Зголемување на улогата на родителите и средношколската заедница во креирањето на училишната политика и целите***<br>• ***Фокусирање на целите кон подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно – образовниот процес*** |

### 7.3 Развојно планирање

| **Кои се извори и документи за увид** |
|---|
| – Развојна програма на училиштето<br>– Годишна програма за работа на училиштето<br>– Записници од наставнички совет;<br>– Записници од одржани седници на училишниот одбор<br>– Записници од совет на родители,<br>– Записници од родителски средби;<br>– Записници од средношколската заедница;<br>– Дневници за работа на паралелките;<br>– Правилници за работа на Училишниот одбор и Советот на родители<br>– Интервју со стручната служба<br>– Интервју со директорот |

## Индикатор за квалитет: Успешно реализирано развојно планирање

### 7.3 Развојно планирање

- Развојниот план ги уважува соодветните потреби на сите заинтересирани групи (ученици, родители, наставници, локалната заедница)
- Во училиштето континуирано се идентификуваат потребите за професионално усовршување на кадарот
- Обезбедување на дополнителни средства за професионално и стручно усовршување на наставниот кадар

***Заклучоци од SWOT анализите -анкетите :***

- Подготвеност на родителите за активна соработка со училиштето
- Недостиг на средства од МОН и локалана самоуправа во функција на реализирање на развојните цели
- Недостиг од финансиски средства за обезбедување на материјално – технички средства и за подобрување на училишната инфраструктура.

| |
|---|
| **Јаки страни**<br>• Реално поставени цели кои можат да се реализираат<br>• Концизни и јасни цели кои ги отсликуваат мисијата и визијата на училиштето<br>• Континуирано идентификување на потребите за професионално усовршување на кадарот<br>• Ефикасно управување со материјално- техничките средства во функција на максимално искористување на нивните капацитети |
| **Слаби страни - слабости**<br>• Малото учеството на учениците во развојното планирање<br>• Малото учеството на родителите во развојното планирање<br>• Слабата мотивираност на дел од вработените да се вклучат во креирањето на развојните цели на училиштето<br>• Недоволна вклученост на родителите во борбата против училишното насилство<br>• Поставување на високи и нереални цели во некои сегменти |
| **ПРИОРИТЕТИ**<br>• ***Вклучување на родителите при креирањето на развојните цели во училиштето***<br>• ***Обезбедување на дополнителни средства за професионално и стручно усовршување на наставниот кадар*** |

**Оцена:** Приоритети кои произлегуваат од ова подрачје се фокусирање на целите кон подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно – образовниот процес преку вклучување на родителите при креирањето на развојните цели во училиштето и обезбедување на дополнителни средства за професионално и стручно усовршување на наставниот кадар.Координативниот тим вклучен во изработката на ова подрачје го оцени со **многу добар успех**.

**<u>Просечна оценка на ниво на училиште од спроведената самоевалуација на сите подрачја изнесува 3,71</u>**

## Клучни приоритети за наредните  две години кои ќе станат составен дел на Годишните програми за воспитно-образовната работа во учебните 2015/2016 и 2016/2017 години

| Приоритети во учебната 2015/2016 година | | Приоритети во учебната 2016/2017 година | |
|---|---|---|---|
| **Индикатор на квалитет** | | **Индикатор на квалитет** | |
| **1** | Квалитетна настава за успешно совладување на наставните програми од страна на учениците  и нивно напредување | **1** | Поттикнување на се поголем број на ученици за партиципирање во воннаставните активности со што  би се надоградиле нивните знаења и афирмација |
| **2** | Да се зголеми  мотивацијата на учениците за постигање на повисоки резултати и зголемување на успехот | **2** | Да се зголеми редовноста и мотивираноста на учениците |
| **3** | Зголемување на мотивираноста на учениците за стекнување на нови знаења, зголемување на редовноста и превземање на одговорноста за сопсвените постапки како и зголемување на ин тересот за учество во проекти кои имааат за цел да ги развиваат нивните практични вештини и способности | **3** | Мотивирање на учениците за поголема соработка со стручната служба и наставниците и зголемување на интересот на родителите за поголема соработка со наставниците и стручната служба. |
| **4** | Обезбедување современ технички систем за заштита на училиштето и Уредување на училишниот двор со зелени површини | **4** | Училиштето да посвети поголемо внимание на талентираните ученици (поголема индивидуална работа со нив, следење на нивниот напредок, поголема мотивација со доделување на одредени награди) |
| **5** | Да се подобри редот и дисциплината за време на часовите<br>Наставниците да изградат построг и професионален однос кон учениците, а воедно да се постават и како позитивен пример за учениците | **5** | Да се работи на подобрување на механизмите за еднаквост и правичност во наградување и казнување на сите ученици |
| **6** | Замена  на дотраените прозорци,  врати, подни површини, кровот и фасадата, како и проширување на спортската сала и уредување на дворната површина | **6** | Обезбедување Поголема финансиска поддршка од надлежните органи и бизнис заедницата |
| **7** | Креирање на активности заради успешна промоција и презентација на училиштето како и поттикнување на позитивниот став на учениците кон училиштето | **7** | Фокусирање на целите кон подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно – образовниот процес |

Директор

__________________

**Нада Јованова**

Претседател на УО

__________________

**Антонио Пановски**